МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕСТАВНИШТВА КАКО СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА

Ментор:
Проф. д-р Иван Ефремовски

Изработил:
Софија Симеонова
бр. индекс: М 197017

Свети Николе, 2021

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕСТАВНИШТВА КАКО СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА

Ментор: Проф. д-р Иван Ефремовски
Студент: Софија Симеонова
Број на индекс: М 197017
Насока: Административно право и јавна администрација

Свети Николе, 2021

ИЗЈАВА

Јас, Софија Симеонова, студент/ка на Втор циклус на студии организирани на Факултетот за правни науки во МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе – Битола, на студиската програма по Административно право и јавна администрација, со постојано место на живеење на ул. _____во _____со ЕМБГ _____ и број на индекс М 197017, изјавувам под морална и кривична одговорност дека поднесениот магистерски труд под наслов „ **ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕСТАВНИШТВА КАКО СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА** “ претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна научна работа спроведена во текот на истражувањето.

Согласен/а сум да ги сносам сите последици и одговорности кои произлегуваат од неовластеното користење на туѓ текст или плагијатство согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродни права.

Место и датум:
2021 година

Давател на изјава:
Софија Симеонова

СОДРЖИНА:

АПСТРАКТ 5
ABSTRACT 6
ВОВЕД 7
ГЛАВА I: РАЗВОЈ НА КОНЗУЛАРНАТА СЛУЖБА 13
1. ПОИМ ЗА КОНЗУЛАРНО ПРАВО 13
1.1 Историски развој на конзуларната служба 13
1.2 Кодификација на конзуларната служба 16
1.3 Современ развој на конзуларната служба 18
1.4 Современа форма на конзуларната служба во виртуелен конзулат 20
ГЛАВА II: ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОНЗУЛАРНАТА СЛУЖБА 24
2.1 Организациона структура на конзуларните служби во министерствата за надворешни работи 25
2.2 Воспоставување на конзуларни односи 27
2.3 Принципи на недискриминација и паритет 28
2.4 Отворање на конзуларно претставништво 29
2.5 Видови и рангови на конзуларни претставништва 30
2.6 Конзуларни оддели во амбасадите и одредување на јурисдикционото подрачје на конзулатот 32
2.6.1 Нотифицирање на дипломатите одговорни за конзуларни прашања 32
2.6.2 Конзуларно јурисдикционо подрачје 33
2.7 Шефови на конзуларни претставништва 33
2.7.1 Класификација на конзулите 33
2.7.2 Именување на шефови на конзуларните претставништва 34
2.7.3 Пресеанс или ред на првенство 36
2.7.4 Конзуларни функционери 36
2.7.5 Конзуларни – административни службеници 37
2.8 Почесни конзули 38
2.8.1 Критериуми за именување на почесни конзули 39
2.8.2 Именување на почесен конзул 40
2.8.3 Разлики помеѓу кариерни и почесни конзули 40
2.8.4 Олеснувања, привилегии и имунитети на почесните конзули 41
ГЛАВА III: ФУНКЦИИ НА ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА КАКО СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ 44
3. ФУНКЦИИ НА КОНЗУЛАРНИТЕ СЛУЖБИ 44
3.1 Обезбедување на заштита на македонски државјани 48
3.1.1 Стандарди за примена на конзуларната заштита 48
3.1.2 Функција на дипломатско – конзуларните претставништва во комуникацијата со македонската дијаспора во светот и македонското национално малцинство во соседните земји 49
3.1.3 Функција на заштита на поединци или групи во сложени случаи 50

3.1.4 Функција на заштита на граѓаните при грабеж или физички напад.. 52
3.1.5 Функција во случаи на повреда во сообраќајни несреќи, на работно место или болест 52
3.1.6 Функција при постапката во случај на смрт..... 53
3.2. Функции поврзани со државјанството..... 54
3.2.1 Примена на Законот за државјанство на РСМ 54
3.2.2 Значење на државјанството во примената на функцијата конзуларна заштита..... 55
3.2.3 Функција на конзуларната служба при азил и реадмисија 56
3.3 Функции на конзулатот во меѓународно правната помош 57
3.3.1 Доставување на судски акти 58
3.3.2 Договорен начин на доставување..... 59
3.3.3 Режим на доставување согласно Хашките конвенции за граѓанска постапка 60
3.3.4 Замолници за изведување на докази 62
3.4 Функција на меѓународна правна помош во кривични предмети и екстрадиција 64
3.5 Функции во постапката на конзулот во случаите на оставини 65
3.6 Функции на конзуларната служба за патни исправи..... 66
3.7 Функции на конзуларната служба во однос на визниот режим 69
3.8 Функции на конзуларната служба во областа на Законот за семејство 71
3.9 Јавно бележнички - нотарски функции 72
3.9.1 Конзуларен тестамент 74
3.9.2 Утврдување на идентитет и деловна способност на подносителот на барањето..... 75
3.9.3 Сведоци на идентитетот, сведоци на актот и преведувачи 76
3.9.4 Составување и потврдување на едностранн изјави..... 76
3.9.5 Полномошно..... 77
3.10 Административни функции на конзуларната служба 77
3.10.1 Заверка на преводи 77
3.10.2 Заверување на потписи, ракописи и преписи..... 78
3.10.3 Заверка на документи 79
3.10.4 Потврда за важечки прописи 80
3.10.5 Обезбедување на документи за употреба пред домашните или странските органи 80
3.10.6 Функции на конзулатот во унапредување на економската, научно - техничката и културната соработка 81
ЗАКЛУЧОК 83
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА..... 85
ПРИЛОЗИ 91

АПСТРАКТ

Предмет на истражување во магистерскиот труд претставуваат дипломатско конзуларните претставништва како сервис на граѓаните и нивната функција.

Целта на магистерскиот труд да се даде една теоретско-истражувачка анализа на функциите на дипломатско конзуларните претставништва, нивниот современ развој и местото кое го завземаат во министерството за надворешни работи, како и нивната дипломатска мрежа со посебен осврт кон конзуларните служби на РСМ и актуелните состојби.

Потребата за ефикасно институционално решавање на барањата на граѓаните во странство од страна на владините органи, ја претставува улогата на конзуларната служба што неопходно треба да ја има во поврзувањето на дипломатијата и општеството.

Достигнувањето на потребните стандарди во извршувањето на функциите од страна на конзуларните служби подразбира неопходно хармонизирање со европското законодавство, како предуслов за создавање на реален сервис за пружање услуги и заштита на големиот број македонски граѓани кои престојуваат во странство.

Магистерскиот труд се состои од вовед, три глави: прва глава: развој на конзуларната служба, втора глава: организација на конзуларната служба, трета глава: функционирање на конзуларната служба и конзуларни функции, заклучок и препораки и користена литература.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Конзуларна служба; Амбасада; Граѓани; Функции; Заштита; Меѓународна правна помош.

ABSTRACT

The subject of research in the master's thesis are the diplomatic and consular missions as a service to the citizens and their function.

The aim of the master's thesis is to give a theoretical-research analysis of the functions of diplomatic and consular missions, their modern development and the position they occupy in the Ministry of Foreign Affairs, as well as their diplomatic network with special reference to RSM consular services and current situation.

The need for effective institutional resolution of the demands of citizens abroad by government bodies, represents the role of the consular service that must necessarily have in the connection of diplomacy and society.

Achieving the necessary standards in the performance of functions by the consular services implies the necessary harmonization with European legislation, as a precondition for creating a real service and providing protection to the large number of Macedonian citizens residing abroad.

The master's thesis consists of an introduction, three chapters: first chapter: development of the consular service, second chapter: organization of the consular service, third chapter: functioning of the consular service and consular functions, conclusion and recommendations and used literature.

KEY WORDS: Consular Service; Embassy; Citizens; Functions; Protection; International legal aid.

ВОВЕД

Конзуларната служба претставува дел од организационата структура на министерствата за надворешни работи на државите, во чија надлежност е конзуларната материја. Таа врши координирање и дава помош во работата на акредитираните дипломатско конзуларни претставништва во странство, прима барања од своите државјани во кои се содржани елементи на меѓународност, како и посредување меѓу странските дипломатско – конзуларни претставништва и државните органи на земјата.

Зависно од временската дистанца од која ги набљудуваме конзуларните функции, може да заклучиме дека тие се прилагодувале во зависност од нивото на дипломатските односи на две држави, а исто така и од потребите кои со тек на времето постепено се зголемувале. Со текот на времето и конзуларните функции полека се зголемуваат, а оние кои се надминати полека се гаснат.

Конзуларните функции се многубројни, така што се поставува прашање само кои функции неможе да ги извршува конзуларното претставништво. Согласно **Виенската конвенција за конзуларни односи** од 1963 година, наведени се следните конзуларни функции:

- Заштита во државата на прием на интересите на државата на именување и нејзуните граѓани (физички и правни лица), во граници кои ги дозволува меѓународното право;
- Помагање во развивањето на трговските, економските, културните и научни односи помеѓу државата на именување и државата на прием како и унапредување пријателските односи на секој начин во рамки на одредбите на конвенцијата;
- Известување до земјата на прием со сите дозволени средства за условите и развојот на трговскиот, стопанскиот, културниот и научниот живот во државата на прием;

- Издавање на патни исправи на државјаните на државата на именување како и визи и други соодветни документи на лицата кои имаат намера да патуваат во земјата на именување;
- Давање на помош на физичките и правните лица на државата на именување;
- Дејствување во својство на нотар и службеник по граѓански состојби или вршење на слични функции, како и извршување на одредени функции од административна природа, доколку тоа не е во спротивност со законите на државата на прием;
- Заштита на интересите на државјаните на државата на именување, физички и правни лица, во поглед на наследување на територија на земјата на прием, во согласност со законската регулатива на земјата на прием;
- Заштита на интересите на малолетни и деловно неспособни лица - државјани на државата на именување во случаи кога за нив се бара воспоставување старателство *(tutele и curatele)* во согласност со законската регулатива на земјата на прием;
- Под резерва на праксата и постапките кои се применуваат во државата на прием, застапување на државјаните на државата на именување или превземање на мерки за обезбедување на соодветно застапување пред судовите или други органи на државата на прием, како би се барало во согласност со законите и прописите на државата на прием превземање на привремени мерки со цел зачувување на права и интереси на тие државјани во случаи кога тие поради отсутност, болест, спреченост или други причини не можат благовремено да ги штитат своите права и интереси;
- Доставување на судски и вонсудски акти или извршување на замолници во согласност со меѓународни спогодби кои се на сила или доколку таквите спогодби не постојат на секој друг начин кои е во согласност со законите и прописите на државата на прием;

- Право на вршење контрола и инспекција, предвидени со законите и прописите на државата на именување над поморски и речни бродови кои пловат под застава на државата на именување; и
- Укажување помош на воздухоплови регистрирани во земјата на именување.

Административни функции кои се многубројни од кои најпримењувани се следните:

- Чување и пополнување на регистарот на државјаните на државата на именување на територија на конзуларното подрачје;
- Издавање на патни исправи и други лични документи на државјаните на државата на именување;
- Издавање на разни потврди и документи на државјаните на земјата на именување а кои може да се употребат во земјата на именување или трета земја;
- Склучување на бракови но само за бракови кога и двете лица се државјани на државата на именување, кога едно лице е државјанин на државата на именување а другото лице државјанин на трета земја доколку такво нешто дозволува земјата на прием, а во ниедна ситуација доколку едно од лицата е државјанин на земјата на прием.
- Земање и заверување на разни изјави на државјаните на земјата на именување, вклучувајќи го тука и изготвувањето и заверување на тестамент;
- Заверување на потписи, преводи и други документи кои треба да бидат употребени во земјата на именување, без оглед на државјанството на лицето кое бара заверка, за што се наплатува конзуларна такса; и
- Извршување на сите други функции кои државата на именување ќе му ги довери на конзуларното претставништво, а кои функции не се во спротивност со законите и прописите на државата на прием или оние функции кои се наведени во меѓународните спогодби склучени помеѓу државата на именување и државата на прием.

Предмет на истражување во магистерскиот труд претставуваат дипломатско конзуларните претставништва како сервис на граѓаните и нивната функција.

Во магистерскиот труд се користени следните **методи на истражување**:

- *Метод на анализа* – со кој е направена теоретска разработка на предметот на истражување, според домашна и странска литература и релеватни истражувања кои се занимаваат со областа на истражување.
- *Дескриптивен метод* – со помош на кој е опишана работата на дипломатско конзуларните претставништва како сервис за граѓаните и нивната функција.
- *Метод на генерализација* – со помош на ќе бидат донесени конечни заклучоци врз основа на дадениот преглед на литература.

Целта на магистерскиот труд е да се даде една теоретско-истражувачка анализа на функциите на дипломатско конзуларните претставништва, нивниот современ развој и местото кое го завземаат во министерството за надворешни работи, како и нивната дипломатска мрежа со посебен осврт кон конзуларните служби на РСМ и актуелните состојби.

Задачите кои се поставени, а кои призлегуваат од целта на пишување на темата се следните:

- Да се објаснат теоретските аспекти на развојот на конзуларната служба;
- Да се објасни функционирањето на конзуларните служби и конзуларните функции.
- Да се претстават карактеристиките на поединечните конзуларни функции и видовите на постапки кои се превземаат;
- Да се претстави органзацијата на конзуларната служба и нејзината организациска поставеност.

Магистерскиот труд се состои од вовед, три глави, заклучок, користена литература и прилози.

Во **воведот** се дадени основите на истражувањето, кои ја вклучуваат дефиницијата за дипломатско конзуларните претставништва и нивните основни

функции, предметот, методологијата, целта и задачите на истражување и структурата на трудот.

Во **глава 1**, насловена како **„Поим за конзуларно право“** се дискутира за историскиот развој на конзуларната служба и нејзината кодификација со посебен акцент кон современиот развој на конзуларната служба и современата форма на конзуларната служба во виртуелен конзулат.

Во **глава 2**, насловена како **„Организација на конзуларната служба“** е даден опис на организационата структура на конзуларните служби во МНР, воспоставувањето на конзуларните односи, принципите на недискриминација и паритет, начин на отворање на конзуларно претставништво, видови и рангови на конзуларни претставништва, а понатаму се преминува кон конзуларните оддели во амбасадите и одредување на јурисдикционото подрачје на конзулатот, шефови на конзуларни претставништва и нивна класификација и именување и почесни конзули.

Во **глава 3**, насловена како **„Функции на дипломатско конзуларните претставништва како сервис на граѓаните“** е даден широк осврт кон главните функции на конзуларните служби меѓу кои обезбедување на заштита на македонски државјани (стандарди за примена на конзуларната заштита, функција на дипломатско – конзуларните претставништва во комуникацијата со македонската дијаспора во светот, функција на заштита на поединци или групи во сложени случаи, функција на заштита на граѓаните при грабеж или физички напад и функција при постапката во случај на смрт), функции поврзани со државјанството (значење на државјанството и примената на конзуларната заштита и функција на конзуларната служба при азил и реадмисија), функции на конзулатот во меѓународната правна помош (доставување на судски акти, договорен начин на доставување, режим на доставување согласно Хашките конвенции и замолници за изведување на докази), функција на меѓународната правна помош во кривични предмети и екстрадиција, функции во постапка со оставини, патни исправи, визен режим, Законот за семејство, јавно бележнички – нотарски функции и административни функции на конзуларната служба.

Во **заклучокот** се дадени генерални констатации и ставови во однос на сето претходно наведено во вид на резиме од целиот труд.

Користената литература се состои од домашни и странски извори на литература, претежно книги, публикации, законска регулатива и веб-страници кои ни помогнаа во изработката на трудот.

Прилозите се состојат од одредени документи кои се значајни за темата на истражување

ГЛАВА I: РАЗВОЈ НА КОНЗУЛАРНАТА СЛУЖБА

1. ПОИМ ЗА КОНЗУЛАРНО ПРАВО

Конзуларното право, како и дипломатското право претставува дел од меѓународното право во кое е содржана меѓународната правна регулатива со која се уредува воспоставувањето на конзуларните односи помеѓу државите, начинот, видот, рангот и подрачјето на делување на конзуларните претставништва, како и статусот на неговите членови и нивните должности и правата во вршењето на нивните функции во државата на приемот.

Берковиќ[1] го дефинира конзуларното право на следниот начин: *„правни правила кои ги уредуваат конзуларните односи, нивното воспоставување и содржина, како и работата на телата кои ги остваруваат“.*

Со донесувањетона Виенската конвенција за конзуларните односи (ВККО) на 24 април 1963 година во Виена со учество на 92 држави и претставници на меѓународните организации каде е извршена е кодификација на дотогашните меѓународни норми и обичајното право, создавајќи збир на правни правила неопходни за регулирање на овој значаен дел од односите меѓу државите.

1.1 Историски развој на конзуларната служба

Споредено со дипломатијата, развојот на конзуларната служба започнува подоцна[2]. И ВККО во својата преамбула се повикува дека конзуларните односи меѓу луѓето биле воспоставувани уште од античко време. Како почеток на формирањето на институтот конзул се зема XI век, односно *Proxenos*, периодот на крстоносните војни. во активностите на грчите градови – држави може да се согледаат одредени трагови на раниот развој на конзуларниот систем. *Prostates* и *Proxenos*, може да се сметаат како претходници на модерните конзули. *Prostates* биле избирани од грчките колонисти кои живееле во странство, да вршат интермедијација меѓу грчката колонија и локалните власти во правните и

[1] Berković, S. (1997). Diplomatsko i konzularno pravo. Zagreb: Nacionalna i sveučilišna biblioteka.
[2] Luke T. L. (1991). Consular law and practice. New York: Oxford University Press Inc.

политичките односи. Околу VI век п.н.е. Египет им дозволил на грчките населеници *Naucratis* да изберат *Prostates* кој ги спроведувал грчките закони меѓу Грците. Во истиот период слични институции можеле да се сретнат во одредени делови на Индија. Во првиот милениум п.н.е. *Proxenos* бил именуван од страна на странските држави во грчките градови – држави да ги штити нивните интереси.

По освојувањето на територииите на Блискиот Исток, развиените градови Фиренца, Џенова, Мрсеј и други, тие формирале свои колонии во кои се населиле или престојувале нивни трговци и граѓани. Начинот на организирањето на животот во колониите преку кои се одвивала трговската размена бил според законите на државите на кои им припаѓале колониите. Жителите од своите редови избирале лице кое било задолжено да ги решава нивните недоразбирања, спроведувајќи ги законите на својата држава, раководејќи се според **принципот на персоналитет**.

Истовремено, избраните конзули се јавуваат и во улога на заштитници на трговските интереси на колониите пред локалните власти на државата во која се наоѓале. Важно за одбележување е дека припадниците на колониите не подлежеле на законите на државите, односно биле ослободени и од локалните давачки. Меѓутоа, треба да се напомени дека и покрај улогата на заштитници на интересите на своите граѓани во колонијата пред локалната власт, не може да стане збор за некакво официјално претставување на државите од страна на конзулите, од едноставна причина што тие не се сметале за дипломатски претставници, ниту пак такво својство им било утврдено од страна на нивните држави. Во секој случај, на одреден начин ова може да се смета како почетна фаза на развојот на конзуларната служба, бидејќи истата продолжила понатаму со создавањето на нови колонии.

Појавата на постојаните дипломатски претставништва предизвикува процес на организирање на конзулатите на сосема нова основа. Изборот на конзулите започнал да се врши од страна на државата на која и припаѓале, со што тие стануваат нејзини официјални претставници кои ги штитат интересите на нејзините граѓани во местата каде што биле упатувани. Кон новиот пристап на организирање на конзуларната служба силно влијание извршиле апсолутистичките монархии, кои ги централизирале работите околу заштитата на своите граѓани во странство.

Меѓутоа, фактичката екстериторијалност на трговските колонии во однос на територијата на државата во која се наоѓале, предизвикувала големи проблеми. Прифатеното начело на оганичено спроведување на сопствените закони врз колониите не се почитувало, односно не се толерирал екстериторијалниот статус на колониите. Со тоа, спроведувањето на принципот на персоналитет на законите го губел своето значење. Странските персонални закони можеле да се применуваат само доколку судот на територијалната држава имал оценето дека тие се слични со нејзините закони. На овој начин започнале да се применуваат територијалните правни прописи.

Воспоставувањето на новата практика, која го исклучила принципот на персоналитет на законите, извршила директно влијание во измената на конзуларните функции. Конзулите го изгубиле правото на независни старешнини на трговските колонии и судии во споровите меѓу припадниците на колонијата. Тие стануваат органи на странска држава, чија задача е **заштита на нејзините граѓани пред органите на власта на странската држава**. Сепак, промените на статусот на конзулите, односно на трговските колонии, не се одвивал секаде подеднакво. Дел од колониите ја задржале својата привилегирана положба и по потпаѓањето на државите под туѓа власт, како на пример државите врз кои била воспоставена османлиската власт. Причините за тоа треба да се бараат во економскиот интерес, кој дури резултирал со создавање на еден посебен вид конзул, односно конзул во нехристијалнски земји, како што уште ги нарекувале. Овие конзули не само што ги задржале својот статус и функции, туку делумно се здобиле и со одредени дипломатски функции.

За најзначаен современ развој на конзуларната служба може да се говори периодот од втората половина на XVIII век. Технолошкиот напредок на државите, нивниот економски развој и воспоставувањето на меѓународните пазари, неодминливо ја наметнала потребата за склучување на меѓународни договори во кои, државите настојувале да ги регулираат активностите на конзулите на своите територии. Еден од бројните примери е **Договорот за регулирање на трговијата меѓу територииите на САД и Британската кралица**, каде според член 4 договорните страни даваат слобода за именување на конзул и го утврдуваат

правото на негово дејствување, престој и живеење на територииите на другата држава.[3] На овој начин започнува процесот на организирање на конзуларната служба. Развојниот процес на институтот конзул продолжува во XIX век, со нагласено зголемување на конзуларната мрежа. Институтот почесен конзул исто така добива на своето значење. Веќе во XX век институтот конзул е општо прифатен во меѓународната практика. Освен во конзуларното право, овој институт го наоѓа своето место во двостраните и повеќестраните договори, каде ВККО во член 73 став 1 и 2 јасно истакнува дека нејзините одредби не задираат во меѓународните спогодби кои биле на сила меѓу државите потписнички на тие спогодби, како и во обичајното право. Степенот на организирање на конзуларната служба од страна на државите се базира врз утврден систем на раководење, со дефинирани функции на конзулот.

1.2 Кодификација на конзуларната служба

Со развојот на институтот конзул се повеќе се наметнувала и потребата за правно регулирање на неговиот статус и функции. Оваа улога ја превзеле билатералните договори, националните законодавства, лимитираното проширување на регионалните договори и обичајното право.

Според својата содржина билатералните договори секако претставуваат значаен извор на конзуларното право. Во нив се утврдуваат прашањата за видот и рангот на конзулите, нивните активности, начинот на развивање на конзуларните односи меѓу договорните страни и други прашања од конзуларната сфера. Сличноста на одредбите во спогодбите, (како на пример, на почетокот на секоја спогодба меѓу договорните страни се одредувал видот на конзулите), биле содржани во голем број од нив, што создавале услови за формирање на општо прифатени правила во конзуларната практика.

Националните закони на државите, исто така се важен извор на конзуларното право. Државите во својата национална законска регулатива ги

[3] A Convention to Regulate the Commerce between the Territories of The United States and of His Britannick Majesty – 1815. Достапно на: https://avalon.law.yale.edu/19th_century/conv1816.asp

уредувале прашањата и случаите од конзуларна природа од одредувањето на нивното движење, издавањето на документи за нивна идентификација, примена на царинските прописи итн.

Склучувањето на регионалните договори, исто така има големо значење за кодификацијата на конзуларното право. Во овие договори земјите учеснички ја изразувале својата волја за што попрецизно правно уредување на конзуларната служба. Па така во 1911 година, во Каракас бил склучен договор за функциите на конзулот помеѓу Боливија, Еквадор, Колумбија, Перу и Венецуела. Од пошироко значење е и **Хаванската конвенција** од 1928 година, во која се содржани прописите за почетокот и крајот на конзуларната мисија, нејзините функции и конзулски прерогативи. Освен регионалните договори, особено значење има и доктринарната кодификација на конзуларното право, со која се занимаваат разни меѓународни институти, адвокатски компании итн.

Обичајното право исто така има важен удел во регулирањето на дел од значајните прашања. Доказ за тоа е односот на земјите учеснички на Конференцијата на ООН посветена на Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година, за прифаќање на начелото за толкување на обичајното право. Резултатот од ваквиот пристап резултирал на начин според кој ВККО е составена од широки принципи, содржани во најголем број на конзуларните спогодби, односно прогресивни принципи во некои од нив.

Па оттука, ВККО претставува мултилатерален договор со кој се кодифицирани конзуларната пракса, која во себе ги прифатила обичајното право и билатералните договори помеѓу државите. Денес мнозинството суверени држави се потписнички на оваа Конвенција.

Тоа значи дека е постигнат висок степен на регулирање на конзуларната практика, со можност за натамошно осовременување на конзуларното право. Имено, самата Конвенција во членот 73, кој се однесува на нејзиниот однос со другите меѓународни спогодби го истакнува следното: *„одредбите од оваа конвенција не навлегуваат во други меѓународни спогодби кои се во сила во односите помеѓу држави страни договорнички на тие спогодби. Ниедна одредба*

на оваа конвенција не може да ги спречи државите да склучат меѓународни спогодби со кои би ги потврдиле, дополниле или развиле нејзините одредби или би го прошириле нејзиното поле на примена".[4] Со ваквиот пристап на дадена слобода на државите секоја според свое убедување да ги регулира конзуларните односи, ВККО успеала да го релативизира отпорот на поедини држави кои имале свои убедувања за помало или поголемо дадено право на конзулите, прашања што и во историскиот развој биле камен на сопнување.

1.3 Современ развој на конзуларната служба

За разлика од XX век кога државите тежнееле да изнајдат меѓусебни прифатливи решенија со кои би го кодифицирале конзуларното право, на почетокот од XXI век сведоци сме на нов процес на создавање на регионална конзуларна служба. Најизразен пример за тоа е Европската унија (ЕУ). Примената на конзуларната заштита на граѓаните на државите членки на оваа регионална меѓународна организација, претставува огромен чекор во современиот развој на конзуларната служба. Идејата за заштита на интересите на граѓаните од државите членки на ЕУ, за кои е доволна нивната регионална припадност, без оглед на националниот државјански статус претставува нов исклучителен процес во конзуларната заштита, односно конзуларното право.

Во оваа насока делува и формираниот **Оддел за конзуларни прашања** – **CONCOM**, кој работи во рамките на ЕУ, а во чија надлежност се прашањата од конзуларната материја и нивното усогласување на ниво на ЕУ. Конкретно, во изминатите неколку години ова тело настојува да изнајде прифатливи решенија за членките на ЕУ преку формирање на заеднички мисии да применат поедноставување на патувањето на нивните граѓани, да понудат подобри и поефтини услуги, што би резултирало со позитивни регионални ефекти кои би имале влијание и во националните конзуларни служби. На овој начин оваа проблематика би се движела кон договорената политика за **подобра заштита на**

[4] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

граѓаните од ЕУ. Имено, во европскиот Устав, во делот кој се однесува на правата на граѓаните (во четврта глава) е дадено правото на граѓаните на ЕУ на дипломатска и конзуларна заштита на територијата на трета држава. Понатаму се прецизира (член II-106), дека секој граѓанин на ЕУ кој ќе се најде на подрачјето на трета држава, има право на заштита од било која држава членка на ЕУ која во таа трета држава има свое дипломатско или конзуларно претставништво, и тоа под исти услови кои се однесуваат на државјаните на таа држава членка.

Политиката на ЕУ во однос на конзуларната проблематика, меѓу другото и упатува на соработка меѓу конзуларните претставништва на земјите членки на ЕУ.

Во бројните иницијативи[5] се нагласува потребата од зголемување на комплексноста на конзуларната работа, менаџментот и стратегиските насоки, како одговор на предизвиците од страна на технологијата, политиката на управување и меѓународните потреби, граѓанските слободи и прашања, како потреби за создавање и десеменирање на знаењето, практиката и идните предвидувања.

Формирањето на заеднички конзуларни претставништва, иницирани од страна на Велика Британија, Франција и Германија, се во насока на овозможување на пошироко учество на останатите земји членки на ЕУ, кон што, свој интерес имаат искажано Бугарија и Словенија за време на претседавањето на ЕУ во текот на 2008 година. Еден од значајните практични чекори на билатерално ниво би било давањето услуги, особено на оние држави чии што граѓани се преселиле во друга држава од ЕУ. На овој начин според иницијаторите на овој предлог би можел да се утврди патот кон создавањето на заеднички конзуларен простор во регионот.

Изградбата на ваков конзуларен систем и неопходноста за совладување на предизвиците, подразбира пристапување кон една нова образовна програма за конзуларните службеници. Во таа насока се предлага создавање на е-студирање, обука на конзулите, а подоцна и воведување на претставување на иновативна универзитетски акредитирана конзуларна диплома.

[5] Robinson, A. & Lodge, J. (2010). Green Paper Consultation, A Collaborative Initiative at the Interface of Regional, National and EU: Evidence and Prospectives. Достапно на: http://ec.europa/justice_home/news/consulting/public/consular-protection/contribution

1.4 Современа форма на конзуларната служба во виртуелен конзулат

Развојот на информатичката технологија која во последната деценија од XX век завладеа со современиот свет, воспостави нови стандарди во комуникациското поврзување на човештвото. Глобалната интернетска мрежа предизвика создавање на виртуелен свет, толку потребен на достигнатиот развој и задоволување на потребата за брза и достапна информација на било која точка на земјината топка.

Трансформацијата во начинот на комуникација во светот на бизнисот и поединецот навлезе и во администрациите на државите, станувајќи императив за квалитетно извршување на своите услуги кон своите граѓани, но и во нивното поврзување и соработка со другите држави во разни области од заеднички интерес. За таа цел државите, по воведувањето на информатичката технологија во секојдневната работа на своите органи, пристапија кон создавање на електронско работење – управување кое е наречено е-влада. Тоа подразбира почеток на усвојување на нова современа помошна форма во работата на министерствата за надворешни односи најпрво во развиените држави,[6] со тенденција за понатамошно проширување. Покрај изработените интернет страници кои се во функција на претставување – доближување на нивната работа и активности и давање на информации на домашната и странската јавност, поединечни министерства имаат започнато со виртуелно прикажување на активностите на нивните амбасади.

Принципот на јавност во работењето и јавната дипломатија започна да го завзема бараното место. Дел од соопштенијата, изјавите или известувањата станаа секојдневие, нешто што само пред дваесетина години не можеше да се замисли. Дипломатската комуникација исто така започна да го користи овој вид на комуницирање.

Во рамките на прокламираните определби на министерствата за надворешни работи за натамошно унапредување на услугите и соработката со своите граѓани кои по разни основи престојуваат во странство, како и давањето правен совет,

[6] New Diplomacy: A Report from the United States Advisory Commission on the Public Diplomacy July (2003). Достапно на: www.au.mil/au/awc/awcgate/state/22818

поднесување на барања за визи, информации од областа на туризмот, економијата, и образованието, се наметна потребата од воспоставување на **Виртуелен конзулат**.

Виртуелниот конзулат има за цел да овозможи подобрување на конзуларно административните услуги на граѓаните во странство по пат на интернет, што подразбира нивно брзо доаѓање до бараната информација или услуга која може да се добие на овој начин.

Услугите се состојат во давање на одговори на генерални прашања (визен режим, потребни документи за поднесување на барање за виза), информации за одредени настани или активности, видео контакт – *intranet* со конзуларните службеници во конзулатот, конзуларното одделение во амбасадата или конзуларната управа во министерството за надворешни работи.

Според **Вон –Маи Чои** користењето на интернет ја олеснува работата на конзулатите во спроведување на нивните конзуларни функции. Според него, повеќето граѓани можат полесно да известат за нивните проблеми или да ги достават барањата преку веб страницата или меил адресата на конзулатот. Понатаму конзулатот истите може да ги сподели со другите конзулати или со министерството за надорешни работи. [7]

Така на пример, Министерството за надворешни работи на Јужна Кореја е поврзано со 71 од 146 претставништва во странство.[8]

Воспоставувањето на виртуелен конзулат претставува современа форма на дејствување на конзуларната служба, која веќе се применува од страна на високо развиените земји, со цел овозможување на постојан контакт со своите граѓани или државјани на странска држава со цел задоволување на нивните барања и интереси, во држави или територии на држави каде што не постои конзуларно претставништво.

Од ораганизационен аспект реализацијата – воведувањето на овој нов концепт би можел да претставува одлична можност и за македонската конзуларна

[7] Won-Mog C. (2006). Diplomatic and Consular Law in the Internet Age. Singapure: Year Book of International Law and Contributors.
[8] Ibidem.

служба. На овој начин се обезбедува поголемо присуство меѓу нашите иселеници, пред се, во прекуокеанските земји, што во овој момент заради малиот број на дипломатско – конзуларни претставништва (ДКП) и ограничени финансиско – материјални можности на државата, не успева да ги задоволи потребите на оваа категорија граѓани, односно ги реализира програмите за нивно посестрано поврзување, но и зголемување на степенот за свое промовирање во светот, ако се има во предвид конзуларната непокриеност на цели континенти.

Од содржински аспект, виртуелниот конзулат претставува информатичка алатка во која се содржани корисни информации за државата, особено во делот на визниот режим, економската и трговската сфера, странски инвестиции, делот на образованието, науката и културата, како и законските прописи за кои граѓаните кои подолго време престојуваат во странство се интересираат.

Во случајот на македонското министерство за надворешни работи - од особена корист ќе бидат информациите од делот на активностите на иселеничките асоцијации и црковни општини во насока на позитивно влијание и нивно поврзување во дејствувањето во позначајни прашања од нивен интерес. Воедно, ваквиот пристап ќе овозможи повеќестрана корист на претставништвата, односно МНР.

Од материјално финансиски аспект воспоставувањето на виртуелниот конзулат не преставува некоја позначајна ставка во буџетот на министерството, бидејќи по содржинското осмислување на страницата останува потребата за најзино промптно одржување и постојана активност, нешто што веќе во изминатите петнаесетина години го среќаваме на интернет страниците на странските министерства или амбасади. Тоа значи дека работата на виртуелниот конзулат се одвива од самото министерство или конзуларно претставништво од страна на посебно задолжени конзуларни службеници.

Што се однесува до кадровскиот аспект надлежноста над виртуелниот конзулат е потребно да биде во рамките на директоратот на конзуларни работи, кој ќе прима и одговара на барањата. Воедно со своја поддршка ќе учествуваат и останатите директорати од нивниот домен на работа.

Од теориско правен аспект, виртуелниот конзулат излегува од класичното поимање на конзуларните претставништва содржани во Виенската конвенција за конзуларни односи или конзуларните конвенции со кои се регулираат конзуларните односи меѓу две држави, ниту пак истиот може да се подведе под класична смисла на зборот. Неможноста од непосредно спроведување на основните конзуларни функции (заштита на интресите на државата и граѓаните, давање административно – нотарски услуги, посета на затворени лица во странските затвори, давање помош на бродови, чамци и авиони, и др.), подразбира дека станува збор за посредна електронска комуникација за одредени барања - поднесоци за кои не е потребен непосреден контакт, односно присуство пред конзуларен агент. Токму во тоа е и содржана оправданоста на виртуелниот конзулат во современиот свет на комуникации, чија задача е давање на бараната информација без комплицирани административни постапки или лично присуство на барателот. Најдобар пример за тоа би биле барањето информации за визниот режим на државата во која заинтересираниот граѓанин сака да патува или пак обезбедување на формулари за виза, а живее во држава во која не постои конзуларно претставништво, односно во држави, како Кина, Индија, Русија, каде што има едно дипломатско конзуларно претставништво.

ГЛАВА II: ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОНЗУЛАРНАТА СЛУЖБА

1. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА КОНЗУЛАРНАТА СЛУЖБА

Кога говориме за организационата поставеност на конзуларната служба се среќаваме со општата поделба, која вообичаено постои во светот, и тоа на централен или внатрешен дел кој го претставува министерството за надворешни работи и надворешен дел или надворешна служба, кој го сочинуваат конзулатите и конзуларните одделенија во дипломатските претставништва. Во министерствата за надворешни работи постои една или неколку организациони единици, кои во зависност од уреденоста на државната администрација може да бидат во форма на генерална дирекција, директорат, управа, сектор и слично. Конзуларната мрежа пак, е составена конзулати и амбасади во чиј состав работат конзуларни оддели или одделенија.

Организационата единица задолжена за конзуларни работи во министерствата за надворешни рабити е содржана во структурата на секое министерство[9] и заедно со единицата за политичко – билатерални прашања, мултилатерални односи и меѓународно право ја сочинуваат основната структура на секое министерство. Организационите единици во министерствата за надворешни работи кои се задолжени за конзуларната проблематика, во зависност од организациониот модел можат да бидат директорати, управи, сектори или оддели, кои во својата организациона структура имаат помали единици.

Генерално, директоратот за конзуларни работи ги врши задачите и работите кои се однесуваат на заштитата на интересите на државата, нејзините граѓани кои по разни основи се наоѓаат во странство и интересите на правните лица кои остваруваат односи со странски субјекти. Директоратот го врши спроведувањето и развојот на конзуларните односи со трети земји, ја спроведува визната политика на земјата, пасошкиот режим на државата во странство, преку својата конзуларна мрежа овозможува конзуларно – правна заштита, дава правно советништво на

[9] Иако во современата практика е мошне ретко, и натаму постојат случаи на одвоеност на конзуларната од дипломатската служба, како на пример во Холандија.

своите државјани при остварување на некое нивно право во странство, остварува редовни контакти со акредитираните странски конзуларни претставништва во земјата, ги следи нивните активности во спроведувањето на одредбите од билатералните конзуларни конвенции, соработува со останатите министерства или органи и агенции за прашања од нејзин или поширок делокруг на работа.

Организационите модели според кои државите ја уредуваат конзуларната служба се географскиот и функционалниот. Според првиот се утврдува економско трговската развиеност на регионот или подрачјето на државата на приемот каде што државата на именување има свој интерес за отварање на конзуларно претставништво. Функционалниот кој се однесува на концентрацијата на граѓани на државата на именување со цел задоволување на нивните интереси. Во зависност од интересот и двата модели можат да се употребуваат комбинирано при донесување на одлуката за отварање на конзуларно претставништво.

Слична е поделбата и во македонската конзуларна служба што е содржано и во Законот за надворешни работи член 8 став 13, според кој МНР ги организира и раководи со дипломатско конзуларните претставништва.[10]

Иако територијално издвоени, конзулатите и амбасадите се составен дел од организационата структура на министерството.

2.1 Организациона структура на конзуларните служби во министерствата за надворешни работи

Министерството преку дирекцијата за конзуларни работи ја организира, односно има надзорно инструктивна улога над работата на своите претставништва во светот. За таа цел министерството остварува постојана комуникација, во која освен меѓусебното информирање, врши инструирање за превземање на одредени активности на претставништвото за решавање на одредени прашања или ситуации, дава согласности, поширок толкувања итн. Централизираната улога на директоратот во министерството овозможува следење на податоците за извршената работа на конзуларните претставништва, за давање значајни насоки од интерес на

[10] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 103/15.

државата, како и проследување на барања од страна на граѓаните до државата на приемот на конзуларното претставништво.

Организирањето на внатрешната структура на централната организациона единица задолжена за конзуларни работи се врши спред конзуларните функции кои ги вршат конзулатите и е поделена во неколку единици. Бројот на единиците е во зависност од големината на државата, бројот на нејзините граѓани кои престојуваат во странство, економската развиеност, политичко економски интерес за свое присуство, бројот на странски туристи кои влегуваат во државата, интензитетот на меѓународно правната помош, легализацијата итн. Така на пример, во италијанското МНР[11] централната конзуларна служба е претставена преку Генералниот директорат на италијанците во странство и миграционата политика. Директоратот пак е поделен на седум одделенија кои ја спроведуваат конзуларната проблематика. Израелското МНР[12] има Правен оддел кој е поделен на Биро за конзуларни работи во чиј состав има четири одделенија и втор дел во кој се сместени пет одделенија кои се занимаваа со правната проблематика. Чешкото МНР[13] има Генерален директорат во кој постои конзуларна Управа во која има конзуларен оддел и департман за конзуларна политика и методологија. Хрватското МНРЕИ има Управа за конзуларни работи во чиј состав работат четири оддели во кои има четири одделенија.

Генерално, без оглед на големината и организационата разгранетост на централната конзуларна служба, единиците кои се во нејзиниот состав се надлежни за прашањата од областа на државјанството, меѓународно правната помош, легализацијата, имовинска правните работи, пасоши, визи, матичарски функции, како и прашања од областа на заштита на нивните државјани во кризни ситуации.

[11] Ministero degli Affari Esteri e della Cooperazione Internazionale (2021). Достапно на: www.esteri.it/MAE/EN/

[12] Israel Ministry of Foreign Affairs. Достапно на: www.mfa.gov.il/MFA

[13] Ministerstvo zahranicnich veci Ceske Republiky. Достапно на: www.mzv.cz/jnp/en/about_the_ministry/organizational_chart/structure_of _the_ministry.html

2.2 Воспоставување на конзуларни односи

За постоење на конзуларна мрежа, односно отворање на конзуларно претставништво во една странска држава, неопходно е постоење на искажан интерес на меѓународните субјекти, односно државите, кои преку своите меѓународни претставници склучуваат меѓусебен договор со кој воспоставуваат конзуларни односи. Оттука, можеме да дефинираме дека воспоставувањето на конзуларни односи, претставува службен однос меѓу две држави[14] заснован на меѓусебна спогодба со која заемно се согласуваат и ги признаваат овластувањата за вршење на конзуларни функции на нивните конзуларни претставништва на своја територија.

Конзуларното право уредува два начина на воспоставување на конзуларни односи. Директно, врз основа на взаемна согласност[15] со потпишување на посебна спогодба или посредно, со чинот на воспоставувањето на дипломатски односи меѓу две држави.

Директното воспоставување на конзуларни односи претставува чин меѓу две држави кои со потпишана спогодба, независно од тоа дали постојат дипломатски односи, меѓусебно се овластуваат на взаемно вршење на конзуларни функции. Со спогодбата договорните страни меѓусебно ги уредуваат редот на конзулатот, неговото јурисдикционо подрачје на кое ќе се применуваат конзуларните функции, како и останатите норми за непречено функционирање на конзулатот.

Посредниот начин на воспоставување на конзуларни односи е содржан во чинот при давањето на согласност за воспоставување на дипломатски односи, кој треба да подразбира дека, ако поинаку не е определено, тогаш постои согласност за воспоставување на конзуларни односи*.

Конзуларното право со споменатите два начина уредува неколку важни аспекти во билатералните односи меѓу државите. Како прво, воспоставувањето на

[14] Berković, S. (2006). Diplomacija i diplomatska profesija, Dubrovnik: Urban – Medija.
[15] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 2, став 1 Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

конзуларни односи е дефинирано како посебен чин меѓу две држави, независно од тоа дали меѓу нив постојат или не - дипломатски односи. Следствено на тоа, прекинот на дипломатски односи не подразбира и прекинување на конзуларните односи, што значи дека и понатаму е оставена можност за меѓусебна комуникација на пониско ниво, но и можност за давање на конзуларна заштита на нивните граѓани кои се наоѓаат на територијата на другата држава. Понатаму, воспоставувањето на конзуларни односи во практиката вообичаено претставува прва фаза во процесот на воспоставување на целосни дипломатски односи меѓу државите.[16] Од друга страна и при постоење на дипломатски односи, кои треба да подразбираат и опфаќање на конзуларни односи, оставена е можност на државите да склучуваат посебна конзуларна конвенција – спогодба доколку оценат дека за тоа постои потреба за подетално регулирање на оваа област во меѓусебните односи.[17]

2.3 Принципи на недискриминација и паритет

При склучувањето на конзуларната конвенција, договорните страни реципрочно се обврзуваат меѓусебно да си дозволат погодности и привилегии кои договорно би ги дале на трета држава, односно го применуваат принципот на недискриминација.

Недискриминација претставува начело според кое секоја држава е должна на еднаков начин да ги третира останатите држави и нивните претставници со кои одржува односи, а во согласност со принципот на суверената еднаквост на државите и правото на државите на еднаквост. ВККО во членот 72 истакнува: *„Применувајќи ги одредбите од оваа конвенција, државата на приемот нема да прави дискриминација помеѓу државите“.* [18]Истовремено ВККО остава можност

[16] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 2, став 2. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf
[17] Република Северна Македонија и покрај воспоставените дипломатски односи има склучено конзуларни конвенции со Република Хрватска, Руската Федерација и други држави.
[18] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 72. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

државите меѓусебно или една држава со група држави по пат на обичај или договор, да си овозможат поголеми повластувања од утврдените одредби од конвенцијата.

Што се однесува до бројот на персоналот во конзулатот, доколку истиот спогодбено не е одреден, ВККО во членот 20, остава можност на државата на приемот да побара истиот да се движи во границите на тоа што се смета разумно за потребите на конзулатот за кој се работи. На овој начин е изнајден елегантен начин за спречување на создавање многубројни претставништва со голем број на вработени, односно примена на принципот на паритет.[19]

Принципот на паритет претставува рефлексија на принципот на реципроцитет, според кој се раководеле конзуларните односи, главно помеѓу комунистичките и некомунистичките држави. Неговата примена започнала во доцните триесети години на инсистирање на тогашниот Советски Сојуз кој барал бројот на отворени конзулати на неговата територија, да биде ист со неговиот број на конзулати на територијата во тие држави. Овој принцип подоцна бил проширен и во однос на бројот на дипломатските и конзуларните претставници во одредени случаи.

2.4 Отворање на конзуларно претставништво

Воспоставување на конзуларно претставништво се врши според принципот на изречна согласност и суверена еднаквост на државите. Тоа подразбира дека отворањето на конзуларно претставништво, неговото седиште, рангот, како и конзуларното подрачје на кое државата на именување го одредува, подлежи на согласност – одобрување од страна на државата на приемот.[20] Изречна согласност од државата на приемот е потребна и при сите останати активности на државата на именување кои се поврзани со промена на седиштето на конзулатот, при подигување на неговиот ранг или промени кои се однесуваат на неговото подрачје

[19] Lee, T. L. (1991). Consular law and practice. London,
[20] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

на дејствување. Државата на приемот дава согласност и во случаите кога генералниот конзулат или конзулат ќе достават барање за отварање на претставништво од понизок ранг, како вице конзулат или конзуларна агенција, како и канцеларија надвор од седиштето на конзулатот.

Самата техника на отворање на конзуларното претставништво е содржана во превземање на неколку подготвителни активности. По воспоставените конзуларни односи и донесената одлука за отворање на конзуларно претставништво, министерот за надворешни работи на земјата на именување или од него овластен функционер во министерството, упатува писмо до неговиот хомолог во земјата на приемот во кое известува за донесената одлука. Во писмото воедно се известува и за дипломатско – конзуларен службеник (се наведува неговото име и презиме и функција во министерството), кој е овластен да ги изврши неопходните технички подготовки за обезбедување на службени простории за конзулатот. Во писмото се замолува државата на приемот да му пружи неопходна помош во извршувањето на овие активности. Во случаите кога двете држави имаат воспоставено дипломатски односи, подготовките и целата постапка се врши преку амбадасите.

Овластениот службеник по пристигнувањето стапува во контакт со претставници од протоколот на државата на приемот, кои меѓу другото го информираат со спецификите на практиката во државата на приемот, а воедно и му пружаат одредена асистенција.

2.5 Видови и рангови на конзуларни претставништва

Конзулатот претставува службено претставништво на државата на именување со задача на територијата на државата на приемот или на еден дел од нејзината територија, да обезбеди заштита на интересите на државата на именување и нејзините државјани или правни лица.[21]

[21] Nik, S. (1999). Diplomatski leksikon. Zagreb: Barbat.

Според член 1 на ВККО, изразот конзулат го означува секој генерален конзулат, конзулат, вице-конзулат или конзуларна агенција, со што Конвенцијата врши дефинирање на конзуларното претставништво, видовите и нивниот ранг.[22]

Според рангот генералниот конзулат е највисоко конзуларно претставништво под чија јурисдикција се наоѓа најголемото подрачје во државата на приемот, кое воедно има и најголема важност за државата на именување во поглед на економско – трговската, туристичката, научно – образовната, културната и други видови на соработка.

Вториот по ранг е конзулатот, кој обично се отвора на помало подрачје во државата на приемот, каде што постои потреба за отворање на претставништво, но интензитетот на тие потреби е помал во споредба со генералниот конзулат. Во практиката чести се примерите за државата на именување покрај веќе отворениот генерален конзулат, да побара согласност за отварање и на друг конзулат.

Третото по ранг претставништво е вице-конзулатот кој може да се отвори како самостојно конзуларно претставништво, со свое посебно јурисдикционо подрачје, за кое актот за основање го донела државата на именување, или на барање на генералниот конзул, односно конзулот, да биде основано како дел подрачјето на генералниот конзулат или конзулатот.

Најниското по ранг претставништво е конзуларната агенција која генералниот конзул или конзул ја отвораат во рамките на своето јурисдикционо подрачје. Вообичаено тоа се градови со помал обем на конзуларни работи, оддалечени од седиштето на конзулатот или пак помала заедница на државјани од земјата на именување кои имаат потреба од конзуларни услуги.

[22] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 1. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

2.6 Конзуларни оддели во амбасадите и одредување на јурисдикционото подрачје на конзулатот

Независно од тоа дали во државата на приемот постои конзуларно претставништво, согласно член 70 од ВККО[23] и член 3 став 2 од ВКДО, амбасадата може да организира свој посебен оддел во чија надлежност ќе бидат конзуларните работи. Одделот или конзуларното одделение, како што уште во практиката се нарекува, може да биде претставено од еден дипломат кој е задолжен за конзуларните работи, па се до дестина дипломати во зависност од обемот и интензитетот на работата, како и јурисдикционото подрачје што го покрива.

2.6.1 Нотифицирање на дипломатите одговорни за конзуларни прашања

Вршењето на дипломатски и конзуларни функции од страна на амбасадата претставува кумулирање на функциите кај дел од нејзиниот дипломатски состав. Конзуларниот оддел или одделение е раководен од страна на конзул кој има и дипломатско звање со кое тој е пријавен во дипломатската листа во државата на приемот. Истото се применува и за неговите соработници, доколку во одделот ги има повеќе, кои покрај дипломатското звање им е додадено и конзуларното звање, како на пример советник – конзул, втор секретар – вице конзул итн.

Двојниот статус на дипломатите, обезбеден од страна на ВКДО и ВККО, им овозможува уживање на дипломатскиот имунитет и привилегии, а истовремено и директна комуникација со локалните органи на државата на приемот.

Важно за напомена е дека дипломатите кои од страна на амбасадата се одредени за вршење на конзуларни работи, неопходно е по нивното пристигнување да бидат нотифицирани[24] во министерството за надворешни работи на државата на приемот, односно во конзуларната управа, а воедно покрај ставањето во дипломатската листа се врши и депонирање на нивниот потпис. Непридржувањето кон ова правило може да предизвика непријатни ситуации.

[23] Ibidem, член 70.
[24] Nick, S. (1999). Diplomatski leksikon. Zagreb: Barbat.

2.6.2 Конзуларно јурисдикционо подрачје

Подрачјето на кое конзулатот ги извршува своите конзуларни функции се нарекува конзуларно јурисдикционо подрачје.[25] Одредувањето на конзуларното подрачје го врши државата на именување со претходна согласност на државата на именување. Согласноста е неопходна и во случаите на промена подрачјето.

Доколку во државата на приемот не постои посебно конзуларно претставништво, во тој случај конзуларното јурисдикционо подрачје на овој оддел од амбасадата ќе се однесува низ нејзината цела територија. Ако пак постои конзулат во тој случај јурисдикционото подрачје се одредува на предлог на земјата на именување со согласност на државата на приемот.

Конзуларното јурисдикционо подрачје е наведено во патентното писмо со кое државата на именување го именува шефот на конзуларното претставништво во државата на приемот, како и во егзекватурата што државата на приемот ја дава својата согласност за негово делување на определеното подрачје.

Конзуларно јурисдикционо подрачје може да биде целата територија на државата на приемот, ако постои едно конзуларно претставништво, односно само амбасада или пак области, федерални единици и региони доколку има повеќе конзуларни претставништва. Одредувањето на конзуларните подрачја се врши на начин да не доаѓа до нивно преклопување.[26]

2.7 Шефови на конзуларни претставништва

2.7.1 Класификација на конзулите

ВККО во член 9, предвидува четири класи на шефови на конзуларните претставништва: генерален конзул; конзул; вице-конзул; и конзуларен агент. Нивниот ранг е во согласност со рангот на конзуларното претставништво со кое раководат.

[25] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 1. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf
[26] Lee, T. L. (1991). Consular law and practice. London.

Покрај оваа широко прифатена класификација во практиката постојат и други класификации, како на пример во Велика Британија, која како кариерни конзуларни функционери ги именува генералните конзули, конзулите и вице-конзулите, додека под рангот конзуларни агенти се именуваат почесните конзули. Во Канада класите на конзулите се одредуваат како: генерални конзули, конзули, вице-конзули, почесни конзули, членови на дипломатските мисии и високи комесари кои вршат конзуларни функции.

Исто така во одредени периоди во разни држави биле употребувани следните називи: генерален конзул *at large*, генерален вице-конзул, заменик генерален конзул, заменик конзул, емисар, комерцијален конзул, помошен конзул, посебен конзул, помлад вице-конзул и конзуларно аташе.

Значајно за обележување е тоа дека ВККО не го ограничува правото на договорните страни да ги одредат називите на конзуларните функционери кои не се шефови на конзуларното претставништво.

2.7.2 Именување на шефови на конзуларните претставништва

Во зависност од уставното уредување на државите, именувањето на шефовите на конзуларните претставништва може да биде во надлежност на претседателот, премиерот или министерот за надворешни рабити на државата која испраќа.

Во РСМ согласно Закон за надворешни работи[27] именувањето на шефовите на конзуларните претставништва е во надлежност на претседателот на Владата. Постапката за именување на генерален конзул или конзул ја покренува министерот за надворешни работи, кој до Владата доставува предлог за именување на генерален конзул. По прифаќањето на кандидатот од страна на Владата, Министерството бара согласност или егзекватура[28] од земјата на приемот.[29] По добивањето на егзекватурата, Владата донесува одлука за именување на

[27] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 103/15, член 7, став 9.
[28] Службен акт на државата на приемот со кој се одобрува работата на конзулот во јурисдикционото подрачје, одредено во патентното писмо. Егзекватурата му се врачува на конзулот, како легитимација за вршење на неговите конзуларни надлежности пред органите на државата на приемот.
[29] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 103/15, член 50.

кандидатот за генерален конзул, која се објавува во Службен весник. Патентното писмо[30] се парафира од страна на министерот, а потпишува од страна на претседателот на Владата.

Во случаите на именување на почесните конзули, по спроведената постапка, патентното писмо со кое се именува почесниот конзул го потпишува министерот за надворешни работи.

Патентното писмо претставува службен документ со кој државата испраќач го именува шефот на конзуларното претставништво во државата на приемот. Во писмото се изразува желба за развивање на пријателските односи меѓу двете земји, се наведува името на шефот на претставништвото, рангот и категоријата на претставништвото со кое ќе раководи, седиштето и јурисдикционото подрачје, им наредува на своите државјани да ги прифатат овластувањата на новиот конзул, како и молба до властите на државата на приемот да му ја дадат потебната помош во вршење на неговите функции.

Отповикувањето на шефот на претставништвото се врши шест месеци пред истекот на мандатот на генералниот конзул, за што министерот го информира претседателот на Владата за истекување на мандатот. Мандатот престанува со денот на објавувањето на одлуката за отповикување во Службен весник на РСМ.[31]

ВККО престанокот на должноста на шефот на конзуларното претставништво ја уредува во следните два случаи:[32] со нотификација на државата на именување до државата на приемот при што се известува за престанокот на должностите на шефот на претставништвото или со повлекување на егзекватурата од страна на државата на приемот. Покрај споменатите два случаи, иако не се споменуваат во конвенцијата, постојат и други како прекин на конзуларните односи, затворање на претставништвото, смрт на шефот, воена состојба итн.

[30] Nik S. (1999). Diplomatski leksikon. Zagreb: Barabat.
[31] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 103/15, член 54.
[32] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 25. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

2.7.3 Пресеанс или ред на првенство

Пресеансот[33] или редот на првенството претставува правило според кое се одредува редоследот помеѓу шефовите на конзуларните претставништва при одржување на службени церемонии или други протоколарни случувања во државата на приемот, на кои учествува конзуларниот кор.

ВККО во член 16, пресеансот го уредува на следниот начин: [34]

- Шефовите на конзулатите добиваат ранг во секоја класа според датумот на издавањето на егзекватурата. Во случај кога на шефот на конзулатот му е дозволено привремено да ги врши своите функции пред да добие егзекватура, датумот на привремената дозвола го одредува редот на првенство, кој останува и по издавањето на егзекватурата.
- Редот на првенство помеѓу двајца или повеќе шефови на конзулати кои добиле егзекватура или привремена дозвола во ист ден, се одредува според датумот на поднесување на нивното патентно писмо или сличен акт или според датумот на нотификувањето во државата на приемот.
- Вршителите на работи *ad interim* добиваат ранг после сите шефови на конзулати. Помеѓу себе тие добиваат ранг според денот на преземање на должноста *ad interim* и според датумот на нотификацијата.
- Почесните конзуларни функционери, шефови на конзулати добиваат ранг во секоја класа после кариерните шефови на конзулати, по редослед и според правилата утврдени во предходните точки.
- Шефовите на конзулати имаат првенство пред конзуларните функционери кои го немаат тоа својство.

2.7.4 Конзуларни функционери

Поимот конзуларен функционер во ВККО се дефинира како лице кое покрај шефот на конзулатот, е овластено за вршење на конзуларни функции.[35] Ваквиот

[33] Nick, S. (1999). Diplomatski leksikon. Zagreb: Barbat.
[34] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 16. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

начин на дефинирање им овозможува на државите на именување во своите конзуларни претставништва да ги нотифицираат своите функционери според класите и рангот предвиден за шефовите на претставништвата. Така на пример, покрај генералниот конзул, во конзуларното претставништво може да има и два конзула и три вице конзули, односно во зависност од потребата на државата на именување. Доколку бројот на конзуларните функционери не е стриктно одреден, вообичаено во конзуларната практика се подразбира дека истиот треба да се движи во границите на разумна нормалност, согласно околностите и потребите што ги има конзуларното претставништво.

Што се однесува до редот на првенство на конзуларните функционери истото го одредува државата на именување, а шефот на претставништвото ја известува државата на приемот.

Генерално конзуларните функционери според ВККО со поделени на кариерни и почесни, додека класите генерален конзул, конзул, вице конзул и конзуларен агент се однесуваат и за двете катагории.

2.7.5 Конзуларни – административни службеници

Покрај шефовите и конзуларните функционери во конзуларните претставништва работат и лица задолжени за извршување на административно технички работи, кои согласно ВККО се дефинирани како конзуларни службеници.[36] Оваа категорија службеници е задолжена за прием на барања по разни основи, обработка, изготвување и издавање на на документи, давање основни информации, работа со средствата за комуникација, водење на финансиско – сметководствени работи и други работни задачи неопходни за функционирањето на конзулатот и асистирање на конзулите.

Испраќањето на оваа категорија на службеници од страна на државата на именување не подлежи на согласност од државата на приемот, меѓутоа останува обврската за нивно нотифицирање.

---

[35] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 1, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf
[36] Ibidem, член 1, став 5.

Покрај оваа категорија службеници, постои технички персонал и приватна послуга, кои се задолжени како возачи, внатрешна безбедност во конзулатот, домари, хигиеничари и др.

2.8 Почесни конзули

Развојот на институцијата почесен конзул[37] според **Ли**[38] започнува по завршувањето на Втората Светска војна, а причините за тоа се во се поистакната иднина на економијата, флексибилноста и можноста за поставување на конзулати во места кои инаку не би биле оправдани. Овие предности особено биле прифатливи за малите народи кои имале широко рспространети трговски и поморски интереси во светот. Постигнатата независност и националното единство по војната[39], исто така придонеле за етаблирање на почесните конзули.

Почесните конзуларни *(consules electi)* претставници се лица избрани и именувани за вршење конзуларни работи, но тоа не им е нивна основна и исклучива дејност, туку конзуларните работи ги вршат покрај својата редовна професија. Тие постојано престојуваат во државата и местото на своето конзуларно седиште, а најчесто се и државјани на земјата во која дејствуваат како почесни конзуларни претставници.

Почесните конзули за разлика од кариерните конзули се именувани лица, кои покрај својата основна дејност, вршат конзуларни работи. Оваа категорија конзули дава виден придонес во билатералните односи на државите, особено во случаите кога земјата на именување нема резидентно дипломатско претставништво. Изборот на почесните конзуларни функционери се врши меѓу видни граѓани на државата на приемот, како стопанственици, професори, адвокати, уметници и други професии, чии лични врски со двете држави (на именување и прием) се мошне корисни. Оттука, користењето на институтот почесен конзул во современиот развој на меѓународните одниси е во постојан подем.

[37] Berkovic, S. (2006). Diplomacija i diplomatska profesija. Zagreb: Urban – Medija.
[38] Lee, T. L. (1991). Consular law and practice. New York: Oxford University Press Inc.
[39] Ibidem, p. 19.

Отварањето на почесното конзуларно претставништво според член 68 од ВККО е оставено на слободен избор на државите за прифаќање на овој институт или не, односно одлучуваат дали ќе именуваат или примаат почесни конзули.[40]

Предлогот за воспоставување почесен конзулат е поткрепен со образложение за делокругот и потребата на конзуларните услуги кои ќе ги спроведува претставништвото.

Во практиката најчесто среќаваме почесни генарални конзули или конзулат, а поретко почесни вице конзули.

2.8.1 Критериуми за именување на почесни конзули

Позначајни критериуми според кои треба да се раководи државата на именување на почесни конзули се следните:

- Сериозноста на кандидатот кој ќе биде убедлив за државата на приемот дека ќе може да ги извршува конзуларните услуги;
- Исклучивост на било каков политички интерес или активност на кандидатот со државата на именување;
- Минимизирање на можноста за појавување на конфликт на интереси, што подразбира дека предлагањето на владини функционери, односно припадници во државната администрација.
- Во државата на приемот не се препорачува;
- Предложениот кандидат обично е државјанин на државата на приемот, а во случај да поседува државјанство на трета држава, тогаш мора да има регулиран постојан престој. Во двата случаи потребана е и суштествена поврзаност на кандидатот со земјата на именување;
- Постојаното место на живеење да биде во местото кое се наоѓа во јурисдикционото подрачје на конзулатот;

[40] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 68, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

Уживањето на угледот во средината, репутацијата, комуникацијата, како и способноста за воспоставување на добри односи со локалните власти, се исто така значајни критериуми при кандидирањето, но и одлучувањето за прифатливоста на кандидатот.

2.8.2 Именување на почесен конзул

Постапката за именување на почесен конзул е иста како и за именувањето на кариерните конзули, односно постоење на формална спогодба меѓу државата на именување и државата на приемот, согласно ВККО и пропишаната процедура за прифаќање, односно добивање согласност за вршење на конзуларни работи со точно наведените елементи: класа, седиште и јурисдикционо подрачје на претставништвото, како и конзуларните функции за кои е овластен. Исто така, одредбите од членот 25 на ВККО за престанување на конзуларните функции се однесуваат и за почесните конзули. [41]

Во случаите кога местото почесен конзул е испразнето подолг период, според практиката на некои држави за период повеќе од две години, во тој случај државата на приемот ќе смета дека почесното конзуларно претставништво е затворено[42].

2.8.3 Разлики помеѓу кариерни и почесни конзули

И покрај тоа што ВККО ги изедначува кариерните и почесните конзули во поглед на нивното вршење на конзуларни функции, во практиката е очигледна разликата меѓу овие две категории. Како прво, самиот факт што Конвенцијата овозможила факултативен карактер на институцијата почесни конзуларни функционери, односно дадената слобода на секоја држава да одлучи дали ќе именува или ќе прима почесни конзули, јасно укажува на тоа дека станува збор за необврзувачка институција, која може но и не мора да се прифати од државите потписнички. Второ, фактот што почесните конзули се државјани на земјата на приемот или странци со регулиран престој, уживањето на привилегиите и

[41] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 25, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf
[42] Australian Department of Foreign Affairs and Trade – Department's Protocol Branch (2021). Достапно на: https://www.dfat.gov.au/

имунитетот, освен за извршувањето на службените работи, се многу помали или воопшто непостојат. Трето, и покрај изедначеноста во рангот со кариерните конзули, во редот на првенството, односно во пресеансот почесните конзули доаѓаат по кариерните. Како четврто, при именувањето на почесните конзули државите во најголем број на случаи не им доверуваат вршење на управно правни конзуларни функции[43] најчесто заради недоволната стручност во таа материја, недоволното познавање на јазикот на државата на именување и други слични причини. На крајот, самиот факт што почесните конзули најчесто се со државјанство на државата на приемот или се странски државјани со регулиран престој ја покажува разликата со кариерните конзули.

Но, и покрај наведените разлики институтот почесен конзул има мошне широка примена во современите односи меѓу државите. Нивното ангажирање во унапредувањето на економско – трговската соработка, соработката на полето на науката, културата, туризмот, сообраќајот и другите свери од интерес во поврзувањето на државите, е од исклучително значење.

2.8.4 Олеснувања, привилегии и имунитети на почесните конзули

Олеснувањата, привилегиите и имунитетот претставуваат збир на точно утврдени прописи во меѓународното право кои имаат за цел обезбедување на непречено вршење на работата на конзуларните претставништва, односно конзуларните функционери во државата на приемот. Утврдените прописи кои се содржани во ВККО можат да бидат проширени, односно збогатени доколку државите меѓусебно се договорат за тоа.

Олеснувањето подразбира дека државата на приемот, во рамките на нејзините закони и прописи, е должна да и овозможи на државата на именување да ги обезбеди неопходните услови за функционирање на претставништвото, било тоа да се однесува на стекнување на потребните простории по пат на купување или на друг начин. Истото се однесува, доколку е потребно и за становите на членовите на конзулатот.

[43] Berkovic S. (2006). Diplomacija i diplomatska profesija. Zagreb: Urban – Medija.

Истакнувањето на националното знаме и грб на службените простории на земјата на именување е исто така признато право од страна на ВККО, но на начин кој нема да ги наруши прописите и практиката на државата на приемот. Поставувањето на државните симболи на државата на именување се врши на зградата на конзулатот, на влезната врата, како и на резиденцијата на шефот на конзулатот и неговото превозно средство и истите служат за истакнување на екстериторијалноста - неповредливоста.

Фискалното ослободување на конзуларните простории и резиденцијата на кариерниот шеф на конзулатот, чиј сопственик или изнајмувач е државата на именување или друго лице кое постапува во нејзино име, ослободени се од сите даноци и такси од било каква природа, доколку не се работи за такси кои се прибираат како надмест за извршени посебни услуги.

Во делот на имунитетите, од посебно значење е **неповредливоста на конзуларните простории**. Според член 31 од ВККО органите на државата на приемот без согласност на шефот на конзулатот не можат да влезат во службените простории, освен во случај на несреќа чија природа бара превземање на неодложни заштитни мерки. [44] Во овие случаи се смета дека согласноста на шефот на претставништвото се смета дека е добиена. Неповредливоста на службените простории исто така, подразбира обврска на државата на приемот за превземање на неопходни мерки со кои се обезбедува нивна заштита од насилно влегување, оштетување или нарушување на мирот, односно обезбедување на достоинството на конзулатот.

Принципот на неповредливост се однесува и на конзуларната архива и документи и тоа во секое време, без оглед на местото каде тие се наоѓаат.

Слободата на движење на членовите на конзулатот претставува обврска која државните или локалните власти на државата на приемот ја обезбедуваат, освен во случаите кога одредени подрачја или зони кои се одбележани како национална безбедност.

[44] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 31, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

Освен слободата на движење од особена важност е и слободното општење на конзулатот со органите на државата на именување. Средствата за општење подразбираат телефони, телефакси, електронска комуникација, радио врска, употреба на кодирани – шифрирани пораки, дипломатска пошта и конзуларни курири. Поставувањето на радио станица се врши со претходна согласност на државата на приемот. Службената преписка на конзулатот, која се однесува на неговите функции, е неповредлива. Таа не може да биде задржана ниту отворена. Обврска на конзулатот е конзуларната вализа да биде прописно затворена и одбележена на начин со кој е јасно ставено до знаење дека станува збор за документи и предмети исклучително за службена употреба. Бројот на пакетите - вализата е точно наведен во курирското писмо кое претставува документ кој ја придружува конзуларната вализа, а воедно го легитимира конзуларниот курир.

Слободата на општење на конзулатот со државјаните на државата на именување е со цел да се олесни вршењето на конзуларните функции и обратно да се овозможи слободна комуникација на државјаните со нивниот конзулат било да станува збор за обезбедување на некаков документ или во случаи на лишување од слобода.

Заштитата на конзуларните функционери и личната неповредливост на конзуларните функционери и судскиот имунитет се мошне значајни одредби содржани во ВККО, со кои се обезбедува спречување на нивната личност, слобода и достоинство за време на нивната служба во земјата на приемот, особено во вршењето на нивните задачи. Дадената заштита може да биде отповикана само во случаи на тешки кривични дела за кои е донесена одлука од надлежен судски орган. Во овие случаи државата на именување може да се откаже од привилегиите и имунитетите на својот конзул, но за тоа е потребно изречно и во писмената форма да ја извести државата на приемот.

ГЛАВА III: ФУНКЦИИ НА ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА КАКО СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

3. ФУНКЦИИ НА КОНЗУЛАРНИТЕ СЛУЖБИ

Конзулатите и конзуларните одделенија на амбасадите својата работа и активности ги вршат врз основа на одредбите на меѓународното право, Виенската конвенција за конзуларни односи, меѓународните билатерални конзуларни договори, обичајното меѓународно право, како и од содржината на внатрешното законодавство на државата на приемот и државата испраќач. Генерално станува збор за збир на норми според кои се дефинирани делокругот на дејствување на конзуларните претставништва, односно конзуларните службеници и кон кои тие е поребно да се придржуваат во својата работа. Воспоставените норми во конзуларната метерија, како ВККО и другите меѓународни документи се, исто така, обврзувачки и за државите кои пристапиле кон нивно потпишување и со тоа имаат превземано обврска за нивно почитување.

Активностите кои ги вршат конзуларните претставништва се претставени во форма на конзуларни функции.

Конзуларните функции се терминолошко обележје во коешто се содржани две различни, но меѓусебно поврзани функции. Едната функција е да помогне во објаснувањето на нивните активности со коишто Виенската конзуларна конвенција ги овластува конзулите да дејствуваат. Второто обележје на функциите е да помогне при идентификувањето на активностите на конзулите за коишто уживаат иминитет.

Конзуларните функции по нивната формална основа претставени во Виенската конвенција за конзуларни односи се претставени според нивниот општ карактер или како генерални конзуларни функции кои овозможуваат широко подрачје на дејствување на конзуларните службеници.[45]Слични се и одредбите во билатералните конзуларни конвенции кои државите како договорни страни ги

[45] Carlsmith Ball L. L. P. (2016). What a Consular officer is authorized to do as opposed to what he can do with impunity. Достапно на: http://library.findlaw.com

склучуваат меѓу себе. Така, генералните конзуларни функции може да се поделат на неколку групи:

На **прво место** се функциите кои се однесуваат заштитата на интересите на сопствената држава и нејзините физички и правни лица престојуваат во државата на приемот. Овде спаѓаат активностите за унапредување на пријателските односи, информирањето за општествените состојби во државата, развојот на економските и трговски односи, поттикнување на научната, образовната и културната соработка, како и други области од заеднички интерес на двете држави.

Во **вториот сет** на функции се наоѓа конзуларната заштита на своите граѓани. Тука спаѓаат разни видови на заштита, од оневозможување на дискриминација на своите државјани од страна на органите на замјата на приемот, до прашања од државјанскиот статус, лишување од слобода, грабеж, несреќи и други сложени ситуации, во кои конзуларниот службеник има право да постапува согласно одредбите на меѓународното право и законските одредби на државата на приемот.

Функциите од областа на економско – трговската соработка, како едни од најстарите надлежности што конзуларните претставништва ги имале од своето воспоставување, се исто така можне значајни и денес. Потребата за изнаоѓање на нови пазари, промовирањето на националните економии и развојот на трговската соработка е обврска со која, се повеќе, се занимаваат конзуларните службеници. Притоа, конзулатите денес стануваат центри од кои на разни начини се врши информирање за економските потенцијали, се вршат анализи и даваат предлози за воспоставување на соработка, па се до иницирање на разни саемски или изложбени приредби со цел поврзување на економските субјекти од двете земји.

Управно – административните функции се однесуваат на издавање разни документи, статусни прашања, постапки пред органите на државата на приемот, легализација, активности во меѓународната правна помош, спроведување на визниот режим и други активности од управно правната област.

Научно - образовната и културна функција, првенствено е насочена кон проширување и развивање на соработката на двете земји, но и кон своите

државјани во зачувувањето на својот национален идентитет и културно наследство. Иницирањето на разни културни настани, поврзувањето на културните институции и поединци од сите сфери на културата претставуваат можност и за промоција на националната култура пред граѓаните на државата на примот.

Отсуството на дипломатските функции на конзуларното претставништво подразбира дека истото го исклучува неговото политичко дејствување, освен во посебно одредени случаи, но со оглед на широкиот спектар на доверените функции, неговата улога е мошне значајна во севкупните односи меѓу државите.

ВККО во членот 5 врши таксативно набројување на конзуларните функции по следниот редослед: [46]

- Заштита во државата на приемот на интересите на државата на именување и на нејзините државјани, физички и правни лица, во границите што го дозволува меѓународното право;
- Помагање на развојот на стопанските, економските, културните и научните односи помеѓу државата на именување и државата на приемот и унапредување на секој друг начин на пријателските односи меѓу нив, во рамките на одредбите на оваа конвенција;
- Известување со сите дозволени средства за условите и развојот на трговскиот, стопанскиот, културниот и научниот живот во државата на приемот, поднесувајќи извештај за тоа на државата на именување и со давање на информации на заинтересираните;
- Издавање пасоши и патни исправи на државјани на државата на именување, како визи и други соодветни документи на лица кои сакаат да патуваат во државата на именување;
- Давање помош и поддршка на државјани, физички лица на државата на именување;

[46] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 5, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

- Дејствување во својство на нотар и службеник во граѓанско својство и вршење на слични функции, како и вршење на некои функции од административна природа, доколку на тоа не се противат законите и прописите на државата на приемот;
- Заштита на интересите на државјани на државата на именување, физички и правни лица, во поглед на наследства на територијата на државата на приемот, во согласност со законите и прописите на државата на приемот;
- Заштита, во границите одредени со законите и прописите на државата на приемот, на интересите на малолетни и деловно неспособни лица, државјани на државата на именување, особено во случаите кога за нив се бара воспоставено старателство *(tutele i kuratele)*;
- Под резерва на практиката и постапката на сила во државата на приемот, застапување на државјани на државата на именување или преземање мерки за обезбедување на соодветно застапување пред судови или други органи на државата на приемот, за да се бара, во согласност со законите и прописите на државата на приемот, добивање на привремени мерки заради зачувување на правата и интересите на тие државјани во случаите кога тие, поради отсутност или други причини, не можат благовремено да ги бранат своите права и интереси;
- Доставување на судски и вонсудски акти или извршување на замолници во согласност со меѓународните спогодби во сила или доколку таквите спогодби не постојат, на секаков начин кој е во согласност со законите и прописите на државата на приемот;
- Вршење на правото на контрола и инспекции, предвидени со законите и прописите на државата на именување, врз поморски и речни бродови кои имаат националност на државата на именување, на авионите регистрирани во таа држава, како и врз нивниот екипаж;
- Давање помош на бродови, чамци и авиони како и на нивните екипажи, примање на изјави за патување на овие бродови и чамци, испитување и

визирање на бродски документи без навлегување во надлежноста на органите на државата на приемот во врѓењето на анкети по повод инциденти направени во текот на нивното патување и решавање на сите спорови помеѓу капетанот на бродот, офицерите и морнарите, доколку за тоа ги овластуваат законите и прописите на државата на именување;

- Вршење на сите други функции кои државата на именување ќе ги довери на конзулот, а кои законите и прописите на државата на приемот не ги забрануваат или на кои државата на приемот не се противи или кои се споменати во меѓународните спогодби кои се во сила помеѓу државата на именување и државата на приемот.

3.1 Обезбедување на заштита на македонски државјани

3.1.1 Стандарди за примена на конзуларната заштита

Врз основа на овластувањата содржани во чл. 5 од ВККО, Законот за надворешни работи на РСМ како и потпишаните билатерални конзуларни спогодби, конзуларните службеници и дипломатско – конзуларните службеници во македонските амбасади, овластени се за вршење на конзуларни работи во насока на заштита на интересите на РСМ и нејзините државјани. Во надлежностите спрема македонските државјани, конзуларните службеници во своите активности е потребно да се раководат и според меѓународните инструменти усвоени од страна на ОН кои се однесуваат на заштитата на човековите права, македонските прописи и прописите на земјата на приемот.

Покрај набројаните *„основни“* функции, овластувањата на конзуларните службеници, проширени се и со други надлежности доверени од страна на Република Македонија, под услов вршењето на тие работи да не се во спротивност со прописите на државата на приемот.

3.1.2 Функција на дипломатско – конзуларните претставништва во комуникацијата со македонската дијаспора во светот и македонското национално малцинство во соседните земји

Основните документи[47] според кои е потребно да се раководат дипломатско - конзуларните претставништва во комуникацијата и грижата за статусот на македонското национално малцинство (МНМ) во соседните земји се Уставната одредба, Генеричка одредба, Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, Европска повелба за регионални и малцински јазици, како и потпишаните билатерални спогодби за заштита на малцинствата на РСМ со другите држави. Новиот пристап во работата со и кон дијаспората, во Министерството за надворешни работи значеше концентрација на до неодамна дифузната категоризација во концепцијата и воведувањето на терминот и концептот на дијаспора, значи поим, што во себе ги опфаќа како Македонското национално малцинство (МНМ) и иселениците (лица со поранешно македонско државјанство), така и сите државјани на РСМ на престој и работа во странство независно од должината и категоријата на етнички Македонци што никогаш немале македонско државјанство. Со тоа се создадоа базичните предуслови МНР да може да ја реализира својата функција, односно стратешката и политичко - аналитичка димензија на дејствување спрема дијаспората.

Новиот пристап, исто така, се изрази и преку тоа што МНР, во насочувањето на работата на своите дипломатско – конзуларни претставништва, започна да го применува мултилатералниот принцип или евалуација на состојбите преку примена на меѓународните стандарди содржани пред се во Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства, а со тоа дефинирање и поставување спрема земјите на приемот врз тие принципи, додека спрема припадниците на дијаспората - развивање на концептот на правно советништво, што овозможува поттикнување на сопствените капацитети и самоодрживо поставување на дијаспората спрема резидентната земја. Покрај наведеното, на овој план Министерството се фокусира на примена на меѓународните стандарди и преку следење и поддршка на

[47] Тодоровски, С. (2007). Работен компендиум 02. Скопје: Директорат за дијаспора и МНР.

решенијата и одлуките на соодветните меѓународни инстанци и посебно Европскиот суд за човекови права. Меѓутоа, важно за напомена е дека со новата систематизација дојде до укинување на директоратот на дијаспора и истиот се сведе на ниво на одделение со што директно дојде до битно ограничување на погоре споменатите задачи.

3.1.3 Функција на заштита на поединци или групи во сложени случаи

Големиот број македонски државјани кои патуваат и престојуваат во странство, во одредени случаи може да се соочат со непријатни ситуации кои може да резултираат со лишување од слобода или судир со полициските органи на земјата на приемот. Во случаите кога македонски државјанин е лишен од слобода во странска држава, од страна на конзулот неопходно е да се следи примената на стандардите од меѓународното конзуларно право, односно соодветно интервенира во конзуларната управа на МНР доколку отсуствува нивното спроведување од страна на полициските органи во земјата на приемот. Конзулите имаат право да посетат, комуницираат и им помагаат на нивните државјани кои се приведени или затворени во странство. Затворените државјани имаат право да комуницираат и бараат помош од нивните конзулати. Основното значење на оваа конзуларна интервенција е давање на било каква неопходна хуманитарна, заштитна или правна помош на своите државјани лишени од слобода[48].

Без оглед на причините и околностите под кој е лишен од слобода, третманот над македонскиот државјанин треба да соодветен како и спрема државјаните на таа земја. Ова право е содржано во член 36 од ВККО, според која странскиот државјанин има право да воспостави контакт со конзуларно – дипломатското претставништво, што значи дека затворските или полициските органи се должни без одложување да му го овозможат тоа право, било телефонски или по писмен пат.[49] По лишувањето од слобода македонскиот државјанин има право на писмено образложение за причините заради кои затворен, но и за правната

[48] James, A. (2005). A Universal Safeguard: Providing Consular Assistance to Nationals in Custudy. An Introductory Guide for Consular Officers. Woodbridge: The International Justice Project.
[49] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 36, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

поука. Тој исто така има право на увид над службените документи врз основа на кој е превземена таа мерка, кои треба да се преведени на македонски јазик, а во целата постапка има право и на службен преведувач, доколку не го разбира јазикот на кој се води процесот. Лицето лишено од слобода има право да поднесе жалба до надлежниот суд кој треба без одлагање да одлучува за законитоста на лишувањето од слобода, како и да донесе итна наредба за ослободување, доколку превземената постапка е незаконска. Од своја страна конзулот е неопходно да интервенира за било кој пропуст од страна на полициските или затворските органи и бара нивно доследно проведување.

Конзуларната интервенција[50] е мошне значајна во ваквите случаи и истата предизвикува свртување на вниманието на домашните органи, кои се обврзани да одговорат на наводите во истата. Конзуларната интервенција најчесто се врши по писмен пат, но доколку условите налагаат таа може да биде извршена и усно односно по телефон. Одговорот по правило се дава на истиот начин на кој интервенцијата е извршена. Практично, во член 36 од ВККО се содржани правата на лицето лишено од слобода, како и дозволените активности на конзулот во овие случаи. Лицето лишено од слобода има право од страна на полициските органи, без одлагање, да биде информирано за можноста да го извести конзулатот и оствари комуницакија со него; право на избор дали сака или не контакт со конзулатот; итно известување на конзулатот за неговото лишување од слобода, од страна на полициските органи; слобода да комуницира со конзулот; да прифати или одбие конзуларна помош.[51] Оганите на државата на приемот се должни да обезбедат согласност на барањата на конзулот да има комуникација и пристап до затворените државјани; да биде редовно информиран за притворањето, на барање на државјанинот; да ги посетува и комуницира со затворените државјани во сите фази на постапката; како и да ангажира правен застапник[52].

[50] Stanko, N. (1999). Dipolomatski leksikon, Zagreb: Barbat.
[51] James, A. (2005). A Universal Safeguard: Providing Consular Assistance to Nationals in Custudy. An Introductory Guide for Consular Officers. Woodbridge: The International Justice Project.
[52] Ibidem.

3.1.4 Функција на заштита на граѓаните при грабеж или физички напад

Во случаите кога македонскиот државјанин за време на неговиот престој во странска држава е жртва на грабеж или физички напад, при што е известен конзулатот, конзулот е потребно да сугерира, доколку оштетениот лично не го сторил, да го пријави случајот во најблиската полициска станица. Конзуларниот службеник од своја страна, по разговорот ќе состави известување во кое ќе ги информира органите на земјата на приемот, а воедно ќе достави и телеграма до директоратот за конзуларни работи на македонското МНР. Во ситуации кога има зачестена појава на напади над македонски државјани, конзулот во координација со Директоратот за конзуларни работи може да побара состанок со полициските служби и локалните органи на кој ќе побара превземање на адекватни мерки за заштите на безбедноста на македонските граѓани.

3.1.5 Функција во случаи на повреда во сообраќајни несреќи, на работно место или болест

Во случаи на потешки повреди предизвикани во сообраќајни несреќи, на работно место или на друг начин, за кои е неопходна итна медицинска помош, а за кои од страна на органите на државата на приемот е известено конзуларното претставништво, неопходно е да се превземат следните мерки:

- Директно да се стапи во контакт со повредените или со здравствената установа со цел да се информираат со состојбата на повредените.
- Да се утврди нивниот идентитет и информираат нивните најблиски.
- Во контактот со полициските и истражните органи да се обезбедат писмените документи од извршениот увид, како и обезбедат личните предмети.

Непоседувањето на патно осигурување, односно средства за подмирување на болничките трошоци не смее да претставува пречка за укажување на лекарска помош на повредените. Обезбедувањето на валидната документација, инфомирањето на осигурителните друштва или здравствени фондови, а во некои

случаи платени средства од семејството на повредениот, се постапки кои ќе бидат разрешувани по завршеното лекување.

Што се однесува до повредите на работно место потребно е да се провери дали компанијата во која што бил вработен повредениот, здравствено го осигурала и ги извршила потребните пријавувања за вработување, согласно постоечките прописи и за тоа соодветно да се информира.

3.1.6 Функција при постапката во случај на смрт

По добиеното известување од страна на органите на државата на приемот или блиски роднини на починатиот македонски државјанин, конзулот е потребно да ја спроведе следната постапка:

- Да обезбеди точни податоци за починатото лице, како и првични информации за причините на смртта доколку се работи за несреќен случај и за тоа го извести неговото семејство. Вообичаено известувањето се врши преку министерството за внатрешни работи – полициската управа на чија територија се наоѓала неговата последна адреса на живеење, со цел превземање на посмртните останки.
- Дава совети при обезбедувањето на потребната документација (лекарски извештај со кој е констатирана смртта, извод од книгата на умрени, патната исправа, полициски извештај доколку настапила наслилна смрт), а од своја страна конзулот издава посмртен пасош или спроводница во која се пропишани основните генералии на починатиот, видот на смртта, начинот на превоз, како и граничниот премин преку кој ќе бидат внесени посмртните остатоци.
- Конзулот треба да посредува и кај конзуларните прстставништва на трети држави, акредитирани во државата на приемот, доколку за пренос на посмртните останки на починатиот е потребна согласност при транспортирањето на нивната територија.

3.2. Функции поврзани со државјанството

Државјанството како правен однос помеѓу физичкото лице и државата, по својата правна природа е од јавно правен карактер. Државата е таа која самата, со своите прописи одредува кои лица ќе ги смета за свои државјани, како се стекнува и престанува државјанството, кои обврски и права произлегуваат од државјанската врска. На тој начин, по својата правна конструкција, државјанството е израз на едностраното формулирање на правниот поредок.[53] Државјанството претставува јавно правен израз со кој се одредува припадноста на граѓанинот на некоја држава, а со кој се одредува неговата правна положба во внатрешниот правен поредок на државата и во меѓународното јавно и приватно право.

Државјанството е трајна правна врска меѓу граѓаните и државата. Врз основа на оваа поврзаност се заснова и персоналниот суверенитет на државите и нивното право да над одредени субјекти ја спроведува својата власт, но и правото и обврските на државата спрема поединецот како и правата и обврските на поединецот спрема државата.

3.2.1 Примена на Законот за државјанство на РСМ

Државјанството е правна материја која се уредува со внатрешното законодавство на државите во кои е пропишана постапката за негово стекнување и губење, како и останатите прашања кои се поврзани со оваа материја. Без оглед на тоа што станува збор за право од уставен и управен карактер, државите, при уредувањето на оваа материја, се обврзани да се движат во рамките на меѓународното право и обврските како меѓународни субјекти ги имаат.

Како и во другите земји и РСМ во својата правна материја прави разлика меѓу своите и странските државјани. Во основа таа разлика се однесува во основните права и должности, кои се ограничувачки за странските државјани. Тоа се однесува за начинот и условите за престој, населување, политички права, вршење на одредени државни функции, сопственички права, како и во поглед на израчувањето.

[53] Дескоски, Т. (2007). Државјанство. Скопје: УКИМ, Правен факултет.

3.2.2 Значење на државјанството во примената на функцијата конзуларна заштита

Давањето на заштита на македонските граѓани кои по разни основи престојуваат во странство се загарантирани со Уставот, Законот за државјанството на РСМ, меѓународните конвенции кои го регулираат државјанството, а на кои РСМ има пристапено, како и Законот за надворешни работи. Заштитата на граѓаните се врши преку дипломатско - конзуларните претставништва, односно конзуларната служба, па оттука вршењето на оваа конзуларна функција во практиката е позната и како конзуларна заштита.

Државјанството претставува значајна категорија во вршењето на конзуларните функции, од причини што тоа претставува основ за конзуларниот службеник да превземе активности за конзуларна заштита на својот државјанин. Оттука, за секој конкретен случај, потребно е претходно утврдување на државјанскиот статус, односно дали станува збор за македонски државјанин. Утврдувањето на државјанството се врши врз важечки пасош, лична карта, уверение за државјанство или друга јавна исправа, а во случаите кога заради непоседување на истите, за утврдување на државјанството се користи евиденцијата за државјанство во министерството за внатрешни работи.

Регулирањето на државјанството е во исклучива надлежност на секоја држава, која со свои прописи го регулира начинот на негово стекнување или престанок. Сувереното право – domain reservî оневозможува ниту една држава да го одредува државјанството на други држави со нивните државјани. Тоа значи дека домашното законодавство е со примарно значење[54] и извор на правото во оваа област, додека меѓународните конвенции се од секундарно значење.

Во РСМ основни внатрешни правни извори кои ја регулираат материјата на државјанство се Уставот, Законот за државјанството на РСМ, а со секундарно значење со меѓународните конвенции кон кои нашата држава пристапила.

[54] European Convention of Nationality (1997). Достапно на: https://rm.coe.int/168007f2c8

3.2.3 Функција на конзуларната служба при азил и реадмисија

РСМ согласно Законот за азил и привремена заштита[55], ги утврдува условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство кој бара признавање на правото на азил во нашата држава, како и правата и должностите на лицата накои им е прзнаен статусот азилант.

Согласно **Конвенцијата за статусот на бегалците** [56]од 1951 и **Протоколот за статусот на бегалците** од 1967 год., како и останатите меѓународни конвенции кон кои нашата земја има пристапено, дефинирани се и правата под кои се прзнава статусот на:

- Право на азил за странец кој бара заштита од РСМ, од денот кога се обратил на Министерството за внатрешни работи до денот на донесување на конечна одлука во постапката за признавање на тоа право;
- Признаен бегалец е странец за кој по испитувањето на неговото барање е утврдено дека ги исполнува условите од Конвенцијата, односно, постои оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, се наоѓа надвор од државата чиј државјанин е и не може, или поради страв не сака да биде под заштита на таа држава, односно доколку е без државјанство и е надвор од државата во која имало вообичаено место на престој, несака да се врати во неа; и
- Лице под хуманитарна заштита е странец на кој ќе му се признае правото на зил од хунанитарни причини и ќе му биде дозволено да остане во рамките на територијата на РСМ бидејќи во државата чиј државјанин е, или доколку е без државјанство, во која има вообичаено место на престој би бил подложен на мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

[55] Закон за азил и привремена заштита, Службен весник на РМ бр. 43/03.
[56] Refugee Convention (1951). Достапно на: https://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html
Refugee Status Protocol (1967). Достапно на: ttps://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html

По престанокот на правото на азил во Република Македонија, Министерството за внатрешни работи во соработка со Високиот комесарјат за бегалци, ќе овозможат организирано доброволно ваќање на лицата во нивната земја на потекло.

3.3 Функции на конзулатот во меѓународно правната помош

Согледувајќи ја неопходноста за продлабочување на меѓународната солидарност и взаемност, желбата за поефикасно остварување на правата и интересите на своите државјани, како дел од целокупните меѓусебни односи, државите нашироко го прифатиле принципот за меѓусебно давање правна помош. За таа цел, тие во своите национални законодавства, по пат на склучување на билатерални, мултилатерални договори или по принцип на реципроцитет го уредуваат начинот и условите под кои нивните судови или други органи вршат одредени дејствија за кои се замолени од странски судови, со оглед на нивната неможност да дејствуваат надвор од својата територија. Со правната помош се опфатени доставувањето на писмена и преземање на процесни дејствија како: сослушување на странки, сведоци и други лица, одземање на предмети, привремено предавање, вршење на увид, вештачење и други активности, потоа давање на известување за прописите на државите договорнички, признавање на судските и арбитражните одлуки. Тоа подразбира дека државите врз основа на поднесено барање една на друга пружаат правна помош во граѓански, кривични и управни предмети, во кои постои присуство на странски елемент, под услови и начин кои меѓусебно договорно ќе ги уредат.

Притоа, присуството на странскиот елемент во процесното дејствие за кое се бара меѓународна правна помош, односно спроведувањето на постапката според домашното право на замолената држава го воспоставила и начинот на кои се спроведува правната помош, е со почитување на принципот на суверенитет.

Меѓународната правна помош има посебно значење за дипломатско конзуларните претставништва од аспект на вршењето на нивните конзуларни функции, па оттука е и заинтересираноста на државите по пат на склучување на

конзуларни конвенции или други договори да ги вклучат или прошират овластувањата на конзулите во оваа област.

Во продолжение следат формите на пружање меѓународна правна помош во граѓански предмети и во кривични предмети, во кои е содржана улогата на дипломатско - конзуларните претставништва.

3.3.1 Доставување на судски акти

Според практиката најчеста форма на меѓународно правна помош, во која се вклучени дипломатско - конзуларните претставништва е доставувањето на судски акти, како што се: покани, поднесоци – тужби, одговори на тужби, жалби или други правни лекови, потоа, судски одлуки – решенија и пресуди.

Режимот на доставување е уреден на три начини: законски, договорен и согласно Хашката конвенција. [57]

Во првиот случај доставувањето е регулирано согласно Законот за Општата управна постапка,[58] кој го уредува начинот на доставување на судски акти кои се доставуваат до физичките или правни лица во странство опфатени со некоја постапка. Во овие случаи доставувањето се врши преку судот на странска држава. Меѓутоа, со овој Закон се предвидува доставување на судските акти кои се однесуваат на наши државјани кои престојуваааат во странство, да може да се изврши и преку нашите дипломатско - конзуларни претставништва акредитирани во односната држава. Претпоставката за доставување е согласноста на територијалната држава во која се наоѓа нашиот државјанин, како и доброволноста на примателот на судскиот акт, што пак, го условува извршувањето на чинот на врачување да биде без било каква закана или принуда. Со почитувањето на овие услови може да се смета дека доставата е полноважна.

Начинот на кои конзулот ги доставува судските акти зависи од тоа дали примачот се наоѓа во местото – седиштето на дипломатско - конзуларното претставништво или е надвор од него. Во првиот случај примачот се повикува во

[57] The Hague Convention on Civil Procedure (1954). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=33

[58] Закон за општата управна постапка, Службен весник на РМ., бр. 124/15, со измени и дополнувања, Службен весник на РМ., бр. 65/18.

претставништвото каде што му се врачува актот. Примачот, врачувањето го потврдува во доставницата, која е во прилот на актот, со своерачен потпис, а врачувачот го потврдува со службениот печат. Во ретки случаи кога примачот е неписмен или заради физички недостатоци не е во состојба да се потпише, неговото име и датумот (се наведува и со букви) на приемот, ќе го напише конзулот, со должна напомена за причината зошто примачот своерачно не ја потпишал доставницата.

Во случаите кога примачот и покрај одзивот на поканата одбие доброволно да го прими актот, доставувањето ќе се смета дека не е извршено бидејќи отсуствува условот на доброволност за прием. Во ситуација пак, кога судскиот акт не е испратен од страна на судот со доставница, конзулот во тој случај за извршеното врачување ќе состави потврда во која ќе бидат содржани елементите, како, име и презиме на лицето и време на приемот.

Во вториот случај кога примачот се наоѓа надвор од седиштето на претставништвото, доставувањето вообичаено се врши преку пошта со препорачано писмо, односно повратен прием, во кое се приложува и судската доставница. Во вакви ситуации како доказ за приемот на актот, освен доставницата, доколку е потпишана и вратена до испраќачот, како потврда дека врачувањето е извршено може да послужи и само завереният повратен прием (ресепис) на поштата.

Важно за напомена е дека овој вид на достава е несигурен, од причини што не е посебно регулиран, па секогаш постои основ за сомнеж во полноважноста од извршената достава, особено во поглед на потребата од лично доставување, односно автентичноста на потписот на примателот ставен на повратниот прием. Меѓутоа во праксата постои овој начин на доставување.

3.3.2 Договорен начин на доставување

Во двостраните договори за правна помош кои што државите меѓусебно ги склучуваат, се регулира и делот за доставување на судските акти. Така на пример

во член 9 од Договорот меѓу РСМ и Романија за меѓусебна правна помош[59] се дефинира следното: *„потврдата за врачување на писмената се составува согласно прописите за врачување што важат на територијата на замолената страна. Во секој случај, таа треба да содржи потпис на примателот, печат на надлежниот судски орган и потпис на лицето овластено за врачување на писмената, начинот на врачување, местото и датумот на врачувањето“.* Во ставот 2 од истиот член се пропишува дека потврдата за извршеното врачување веднаш ќе биде доставена до договорната страна, а кога истото не е можно, замолената страна ќе биде известена за причините.

Што се однесува до јазикот на кој треба да биде доставено писменото, истиот, државите различно го уредуваат, но најчесто достават на барањето се врши на јазикот на замолената страна.

Како во договорите за давање правна помош и конзуларните конвенции предвидуваат можност за доставување судски акти преку конзуларните претставништва, но само на своите граѓани. Што се однесува до начинот на доставување техниката е иста како и кај доставувањето врз основа на законскиот режим.

Важно за напомена е дека во случаите кога достават на писмената се врши преку ДКП, министерството за правда истите ги испраќа преку министерството за надворешни работи на РСМ.

3.3.3 Режим на доставување согласно Хашките конвенции за граѓанска постапка

Виенската Конвенција за козуларни односи во член 5 став 1, истакнува дека конзуларните функции меѓу другото се состојат и во доставување на судски и вонсудски акти или извршувања на замолници, во согласност со меѓународните договори кои се на сила, а во случаите кога такви не постојат, на секој друг начин кој е во согласност со законот и прописите на државата на приемот.[60] Меѓутоа,

[59] Договор меѓу РСМ и Романија за меѓусебна правна помош, Службен весник на РМ., бр. 41/04.
[60] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 5, став 1. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

како што може да се забележи, оваа одредба е мошне општа, односно во себе не ги содржи сите неопходни одредби со кои се уредува начинот на доставувањето на судските акти, па во случаите на непостоење на двострани договори меѓу државите оваа конвенција претставува главен инструмент за барање и пружање на правна помош.

Од аспект на конзуларната служба особено значајно е прашањето на доставување на судските предмети преку дипломатско – конзуларните претставништва. Оваа можност, која е содржана и во поедини двострани конвенции за правна помош, е предвидена и во Хашката конвенција.[61] За разлика од доставувањето на актите по пошта, при доставувањето на актите преку ДКП не е потребна согласност од страна на територијалната држава. Меѓутоа, и според Хашката конвенција, на ДКП им е овозможено да вршат доставување на актите само на своите државјани.

Од посебно значење за конзуларните службеници е при доставувањето на актот (кој се доставува до сведок или вештак), да обратат внимание истиот да не содржи закана или принуда. Со оглед на тоа дека поканите за сведоци се отпечатени на обрасци (во чиј текст е содржано предупредување за примена на законска мерка во случај на непојавување), а истите се доставуваат и до сведоци или вештаци кои се наоѓаат во странство, потребно е (доколку тоа не е сторено од судот) да се прецрта текстот на поканата кој ја содржи заканата – или принудата, односно паричната казна, без оглед на тоа што станува збор за наш граѓанин. На овој начин ќе се избегнат непотребните приговори на државата која не е членка на Хашката конвенција.

Што се однесува до прашањето за изведување на докази, потребно е да се напомене дека според постоечкиот Закон за парнична постапка[62], македонските ДКП не се овластени за вршење на овие процесни дејствија, за разлика од овластувањето за вршење достава на судските писмена на нашите државкани во

[61] The Hague Convention on Civil Procedure (1954). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=33

[62] Закон за парнична постапка, Службен весник на РМ., бр. 79/05, со измени и дополнувања, Службен весник на РМ., бр. 110/08, 83/09, 115/10 и 124/15.

странство. По исклучок во одредени случаи со законот е дозволено странките во одредени спорови да дадат општи изјави пред нашите ДКП, со кои се даваат одредени податоци, како на пр. адреси на сведоци и сл.

3.3.4 Замолници за изведување на докази

Основната претпоставка за укажување на меѓународна правна помош е постоењето на одредено барање, односно молба во писмена форма. Вообичаено во меѓународната пракса овој писмен акт се нарекува замолница. Замолницата треба да исполнува одредени услови во смисла на нејзината содржина и форма. Во оваа насока постои разлика помеѓу замолница за доставување на писмена и замолницата за изведување на докази, односно одредени процесни дејствија.

Општењето меѓу домашните и странските судови во врска со замолниците за правна помош во граѓанските предмети е регулирано на четири начина:

- Дипломатски начин;
- Конзуларен начин;
- Преку министерствата за правда; и
- Непосреден начин.

Дипломатскиот пат на општење, подразбира судот на државата која бара правна помош од судот на странска држава да ја испрати замолницата до своето министерство за надворешни работи, кое понатаму ќе ја достави преку ДКП во странската држава од која се бара правната помош, а ДКП по дипломатски пат ќе ја проследи до тамошното министерство за надворешни работи кое понатаму ќе превземе активност за испраќање на замолницата до надлежниот суд.

Вообичаено во праксата на македонските судови, замолниците се доставуваат до МНР преку министерството за правда. На овој начин се овозможува увид во обемот на меѓународната правна помош во двете насоки, а воедно се обезбедува одредено техничко ниво на писмената кои се доставуваат до странските судови, како и увид во правната примена на законските или договорните одредби за меѓународна правна помош.

Дипломатскиот начин на општење се применува само во случаите доколку со двостраните меѓународни договори не е поинаку предвидено.

Конзуларниот начин на општење, како правило е предвиден во Хашката конвенција за граѓанска постапка од 1954 година,[63] а се однесува за доставување на судски акти и замолници за изведување на докази. Меѓутоа, оваа Конвенција дава можност на секоја држава потписничка да достави изјава до другите држави потписнички, со која ќе побара доставувањето на судските акти и замолници за изведување на докази да се врши по дипломатски пат. Тоа значи дека користењето на конзуларниот или дипломатскиот начин на општење е право на избор на потписниците на Конвенцијата.

Разликата меѓу конзуларниот и дипломатскиот начин на општење се состои во следното: дипломатскиот начин подразбира доставувањето на замолницата исклучиво преку МНР на земјата на приемот, додека конзуларниот начин на доставувањето се врши директно до органот кој е одреден од страна на замолената држава.

Општење преку одредени органи. Овој начин на општење се уредува со двостраните договори за правна помош. Карактеристично за него е тоа што го исклучува посредувањето на дипломатските и конзуларните претставништва на страните договорнички, со што на одреден начин се забрзува постапката за пружање правна помош. Тоа значи дека нашите судови замолниците ги упатуваат до министерството за правда, кое понатаму ги доставува до соодветниот ресор за правда на замолената држава. Истиот принцип се применува и обратно.

Непосредното општење, подразбира директна комуникација меѓу судовите. Упатувањето на замолницата за правна помош од страна на домашниот суд до странскиот суд се врши без никакво посредување. Сепак овој вид претставува исклучок. Пример за тоа е конвенцијата потпишана меѓу бившата СФРЈ и Италија за взаемна правна помош и тоа во случаи со голема итност.

[63] The Hague Convention on Civil Procedure (1954). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=33

3.4 Функција на меѓународна правна помош во кривични предмети и екстрадиција

Меѓународната правна помош во кривични предмети, претставува преземање на одредено дејство на судот во една држава, врз основа на добиена замолница за потребите на судот на странска држава. Така, на пример, при водењето на кривична постапка која се води против некое обвинето лице, може да се јави потреба за сослушување на сведоци кои престојуваат во странска држава. Со цел да се изврши бараната постапка, а истовремено да се обезбеди економичност, судот што ја води постапката ќе го замоли судот на странската државата во која се наоѓа лицето, да го изврши сослушувањето на сведокот. Странскиот суд по извршеното сослушување на сведокот ќе ја достави изјавата, заедно со записникот, која ќе се користи во кривичната постапка.

Обраќањето до странските судови се користи и за достава на пресуди, покани за главни претреси, добивање на известувања, достава на адреси и др. На овој начин судовите обезбедуваат автентичност и стручност која е од значење за исправност во нивната работа.

Важно за напомена е дека меѓународната правна помош во кривични предмети се однесува исклучиво на кривични дела коишто спаѓаат во кривичниот закон на замолената држава. Тоа подразбира дека државите договорнички ќе одбијат давање на правна помош ако делото кое е наведено во замолницата, по правото на замолената држава не е кривично дело, како и случаите во кои замолницата во врска со делото кое, по мислење на замолената држава, е од политичка или воена природа.

Дипломатско – конзуларните претставништва во правната помош на кривични предмети имаат информативна улога, во смисла на давање информации и објаснувања за одредени прашања, доколку за тоа се обратиле лицата или странските органи, а се однесуваат на прописите на нивната држава. Посредничката улога е иста како и во пружањето меѓународна помош во гарѓански предмети.

3.5 Функции во постапката на конзулот во случаите на оставини

Активностите на конзуларните службеници во врска со грижата околу оставината започнуваат од моментот кога ќе утврди дека настапила смрт на оставителот. Самата, пак, оставинска постапка започнува кога ќе се утврди дека оставителот е македонски државјанин и кога како наследници се појавуваат македонски државјани, без оглед на тоа дали оставителот имал македонско државјанство.

Конкретно, конзулот е должен да преземе мерки околу утврдување на имотот, да собере податоци и направи попис на предметите и преземе правни и физички дејствија за заштита на оставината до моментот на стапување на наследникот или наследниците во оставинската постапка.

Според конзуларното право, во текот на оваа фаза конзулот се јавува во својство на орган на старателство, со оглед на тоа што лицата наследници од разни причини се отсутни, односно во тој момент не се во состојба да се грижат за оставината.

Од теориско – практичен аспект може да се појави проблем со непоседувањето на полномошно издадено од страна на наследниците, со кое конзулот би се легитимирал пред локалните власти како застапник на нивните интереси. Според конзуларната практика постојат следните случаи во кои конзулот може да се сретне со овој проблем:

- Меѓу државата на именување и државата на приемот да постои конзуларна конвенција во која е предвидено овластување на конзулот за негово ангажирање околу оставината. Во тој случај тој постапува согласно одредбите од конвенцијата;
- Кога државата на приемот е потписничка на ВККО, конзулот може да се повика на членот 5, и да го обезбеди своето овластување; и
- Во случаите, пак, кога со државата на приемот немаме потпишано билатерална конзуларна конвенција или спогодба со која се регулираат овие

прашања, конзулот треба да настапува повикувајќи се на одредбите во ВККО и меѓународните правила и обичаи.

Во ситуациите кога од одредени проблеми и спорни ситуации се наложи потребата за ангажирање на адвокат, во тој случај конзуларниот службеник нема да пристапи кон ангажирање без писмена согласност на наследниците, од причини да се избегнат било какви подоцнежни недоразбирања, па и притужби.

Конкретните работи коишто конзулот е должен да ги превземе по добиеното известување од страна на органите на државата на приемот за смртта на државјанинот на државата на именување се:

- Обезбедување на извод од книгата на умрени и пасош, со цел да се потврди службено дека лицето починало и утврди неговото државјанство;
- Да ги извести наследниците за смрта на лицето и постапките за пренос на посмртните останки на починатиот;
- Да превземе работи во врска со отварањето на оставинската постапка и ја утврди оставинската маса, за што ги информира наследниците, доколку тие се отсутни или живеат на друго место.

Во случаите кога наследниците живееле со починатиот, тогаш конзулот дава само информации, а роднината ги врши потребните работи.

Доколку наследниците не се познати, конзулот преку органите на својата држава ќе се обиде истите да бидат пронајдени, прибирајќи притоа сознанија кои би можеле да бидат од корист.

3.6 Функции на конзуларната служба за патни исправи

Патна исправа претставува јавен документ издаден од државен орган кој служи за преминување на државни граници и престој во странство. Со патната исправа нејзиниот носител го докажува својот идентитет, личните податоци и државјанство пред граничните и други органи на државата во која патува, односно престојува. Според начелото на персонален суверенитет државата на своите

државјани им издава патни исправи, кои уште се поимаат и како национални патни исправи.[64]

Во РСМ според **Законот за патните исправи на државјаните на РСМ**[65]се наведени следните видови на патни исправи: пасош, заеднички пасош, дипломатски пасош, службен пасош и патен лист, како и патни исправи коишто се издаваат врз основа на меѓународни договори. Како патна исправа за патување во странство на членови на екипаж во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба им служи и поморската, односно бродската книшка - позната како матрикула.

Пасошот е лична исправа која се издава на македонските граѓани за неограничен број на патувања, за престој во странство, како и за враќање во земјата. Важноста на пасошот е во зависност од возраста на носителот. На деца до 4 - годишна возраст важноста на пасошот е две години, од 4 до 27 годишна возраст важноста на пасошот е пет години, а за лица постари од 27 години рокот на важење изнесува десет години.

Заедничкиот пасош се издава на група од најмалку пет до педесет македонски државјани кои заедно патуваат и се враќаат во земјата. При издавањето на пасошот, водачот на групата се става под реден број еден и натаму се внесуваат имињата на останатите лица, кои задолжително треба да поседуваат јавна исправа на која има фотографија според која може да се утврди нивниот идентитет. Министерството за внатрешни работи го издава заедничкиот пасош за едно патување, а неговата важност може да биде најмногу до една година.

Дипломатскиот и службениот пасош се издава на дипломатски и конзуларни претставницина државата кои се на служба во дипломатско конзуларните претставништва во странство, како доказ за нивниот статус. Во овие патни исправи секогаш се наведува дипломатското, односно административното звање на носителот, што е предуслов за уживање на привилегиите и имунитетот во земјата на приемот согласно Виенската конвенција за дипломатски односи. Дипломатските

[64] Berkovic, S. (2005). Diplomacija i diplomatska profesija. Zagreb: Denona D.O.O.
[65] Закон за патните исправи на државјаните на РМ, Службен весник на РМ., бр. 46/04.

и службените пасоши се издаваат и на високи државни функционери кои службено патуваат во странство. Меѓутоа, многу држави одат мошне широко во користењето на ова право, што честопати предизвикува девалоризирање на вредноста – почитувањето на своите сопствени пасоши.

Дипломатски пасош се издава на:

- Избрани и именувани лица, раководни државни службеници и раководни работници во државните органи;
- Државни службеници во дипломатско конзуларните претставништва на РСМ во странство;
- Државни службеници во МНР кои извршуваат дипломатско конзуларни задачи и имаат дипломатски статус;
- На воени претставници на РСМ во странство кои имаат дипломатски статус;
- Лица со одлука на Владата на РСМ кои заминуваат на работа во меѓународни организации во својство на функционери со дипломатски ранг во тие организации, како и на дипломатски курири.

Службен пасош се издава на државни службеници во ДКП во странство, како и за раководни државни службеници со посебни овластувања во други државни органи при службени патувања во странство.

Патен лист преставува патна исправа за репатријација, која македонските ДКП во странство ја издаваат на наши државјани во исклучителни случаи, како на пример механичко оштетување, губење или кражба на пасош. Овој вид на исправа служи за враќање на лицето во земјата. Патниот лист не овозможува престој или подолго задржување во државите низ кои патува. Патниот лист се издава со важност само за периодот колку што е неопходно за враќање во Македонија, но не повеќе од 30 дена. Патниот лист се издава посебно за секој член од семејството. Пред издавање на оваа патна исправа потребно е да се спроведе постапка на утврдување на идентитетот на подносителот на барањето.

3.7 Функции на конзуларната служба во однос на визниот режим

Визниот режим претставуваа склоп на норми со коишто се уредува начинот на влегување, престој и излегување на странците на територијата на една држава. Со визниот режим државите ги контролираат миграциските, безбедносните, економските и други прашања од миграциски па се до политички ризици. Во зависност од своите интереси, државите може да склучуваат посебни договори или пак да донесуваат унилатерални одлуки за укинување на визите.

Визниот режим во РСМ е заснован на Законот за странци,[66] Правилникот за начинот на издавање визи за странци, продолжување и скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи, како и за образецот на визи и за водење на евиденција,[67] како и други законски акти.

Врз основа на споменатите акти нашиот визен режим подразбира издавање на 4 видови визи и тоа: виза А; виза Б; виза Ц; и виза Д. [68] Истите се издаваат на странски државјани во следните случаи:

Виза А или аеродромска транзитна виза се однесува на странски државјани од одредени држави или патници кои патуваат на одредени патни правци им е потребен овој вид на виза и тоа во случаи кога тоа го налагаат мерки од одбрамбен, безбедносен карактер или пак од меѓународните односи на РСМ. Во останатите случаи на странците кои престојуваат на меѓународниот транзитен простор до следниот лет или се во авионот не е потребно да поседуваат виза А.

Виза Б - транзитна виза, која се издава од страна на дипломатско конзуларните претставништва, може да биде еднократно, двократно, а по исклучок и повеќекратно поминување преку територијата на РСМ од одредена странска држава во некоја трета држава. При секое поминување странецот може да престојува на нашата територија најмногу до пет дена. Важно за напомена е дека транзитната виза може да биде издадена од страна на надлежниот конзуларен службеник само ако подносителот на барањето за виза докаже дека има обезбеден

[66] Закон за странци, Службен цесник на РМ., бр.35/06.
[67] Ibidem.
[68] Ibidem.

влез – виза за државата во која ќе влезе од Македонија. Периодот на важноста на визата не може да биде подолг од една година.

Виза Ц – за краткорочен престој на странец за еднократен или повеќекратен влез (за туристички, деловни, лични или други цели). Целта на патувањето видливо се означува на визата. Непрекинатиот престој, како и вкупното траење на последователните престои не смее да биде подолго од три месеци во текот на секој шестмесечен период, сметајќи од денот на неговото прво влегување.

Виза Д – за долгорочен престој. Издавањето на овој тип виза е регулиран со членовите 34 и 49 од Законот за странци. Особено важно е дека налепницата за виза од типот Д не се издава на лица кои се државјани на земји со кои РСМ нема визен режим. Истите го регулираат престојот во нашата држава со добивање на позитивно решение или друг валиден документ од надлежен орган.

Покрај наведените видови визи, конзуларните службеници можат да издадат и групна виза. Со неа се опфатени визите Б и Ц, а се однесува на група странски државјани од пет до педесет лица, кои како група заедно патуваат и се со заедничка патна исправа.

Со исполнувањето на критериумите што од страна на Европската комисија и беа поставени како услов за либерализација на визниот режим со земјите – членки од ЕУ, РСМ изврши промена на системот на издавање визи. Со промената, покрај граничните премини, Секторот за странци при Министерството за внатрешни работи, беа опфатени МНР и дипломатско – конзуларните претставништва, со што се создаде формирање на Визен центар во рамнките на МНР, во чија надлежност е координацијата при постапката кон барањата за издавање на визи.

Практично, од 2009 година започна да функционира новиот систем. Дипломатско – конзуларните претставништва имаат прекинато со стариот начин на издавање – ставање налепници на визи и преминаа на информатичка обработка на барањата преку системот на Визниот центар. Обработката на документите при донесувањето на барање за визи, нивното доставување за одобрување, по проверките за исполнување на условите (особено за визите за престој по основ на вработување, школување, спорт и др.) во кои покрај МВР, се вклучени Агенцијата

за вработување, Агенцијата за млади и спорт и др., претставува заокружена постапка во која имаат увид повеќе субјекти. На овој начин се овозможува транспарентност, контрола и ефикасност во издавањето на визи.

Издавањето на визи е во надлежност на посебно овластени дипломатско – конзуларни службеници на кои им е доделен кодиран пристап за влез во системот со што се подигна нивото на безбедност. Во секое дипломатско – конзуларно претставништво постои посебна информатичка опрема која е директно поврзана со Визниот центар на МНР. Неисполнувањето на протоколот предвиден за приложување на документите при поднесување на барањето виза, значи неприфаќање на истото од страна на системот. На овој начин се изврши отстранување на било какви недоследности во спроведување на условите за издавање визи или интервенции без оглед дали тие доаѓаат од шефот на претставништвото или од друго место.

3.8 Функции на конзуларната служба во областа на Законот за семејство

Дипломатско – конзуларните претставништва на РСМ немаат овластување да извршуваат работи од областа на матичарските функции. Оваа одредба е настаната со последните измени на Законот за матична евиденција[69].

Воедно, дипломатско – конзуларните претставништва не се овластени да склучуваат брак. Меѓутоа, со донесувањето на Законот за Меѓународно приватно право во 2007 година[70] , оставена е можност државјаните на РСМ да склучат брак пред овластено конзуларно претставништво или пред дипломатско претставништво што врши конзуларно – правни работи, ако на тоа не се противи државата во кое се наоѓа претставништвото или ако тоа е предвидено со меѓународен договор. Притоа, на министерот кој раководи со МНР му е оставена можност да ги определи претставништвата кои ќе можат да склучуваат бракови во странство.

[69] Закон за матична евиденција, Службен весник на РМ., бр. 98/08.
[70] Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на РМ., бр. 87/07, член 117 став 1 и 2.

На овој начин оставена е можност да во некоја блиска иднина биде дозволено извршување и на оваа конзуларна функција, особено во земјите во кои има поголема концентрација на македонски државјани, што секако че има повеќестрано значење спрема нашата дијаспора.

3.9 Јавно бележнички - нотарски функции

Јавно бележнички функции на дипломатско - конзуларното претставништво воглавно се однесуваат на правен однос кој македонските државјани меѓусебно или со странец го склопуваат во присуство на конзулот, односно едностранн правни акти или изјави дадени пред конзулот согласно законските прописи. Извршувањето нотарски функции е содржано и во Виенската конвенција за конзуларни односи, во членот 5, кој се однесува на конзуларните функции, каде е опишано дека *„дејствување во својство на нотар и службеник во граѓанско својство и вршење на слични функции, како и вршење на некои функции од административна природа, доколку на тоа не се противат законите и прописите на државата на приемот“.*[71]

Најчеста форма на спроведување на овие функции се:

- Составување на договор;
- Составување на изјава за последна волја, односно тестамент врз основа на усмено кажување;
- Да превземат писмено составена изјава на последна волја;
- Составување на попис на имот;
- Да преземат изјава за прифаќање или одрекување од наследство;
- Издавање на потврда дека некое лице е живо, особено во случаите кога тоа е потребно за остварување право на пензија;
- Да спроведуваат доброволни продажни лицитации;

[71] Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи, член 5, став 4. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf

- Да потврдуваат приватни исправи;
- Извршат примање како депозит – депонирање на јавни исправи, приватни исправи, пари, хартии од вредност и други документи;
- Да утврдат идентитет и за тоа издадат потврда;
- Да преземаат мерки за заштите на наследна имовина;
- Ја потврдуваат веродостојноста на копиите на документите и изводи од нив;
- Ја потврдуваат веродостојноста на потписот на документот, преведен од еден на друг јазик; и
- Вршат обезбедување на докази.

Нотарските функции за македонската конзуларна служба се содржани и во донесениот Закон за меѓународно приватно право[72] од 2007 година, со што се пополни правната празнина со која по нашето осамостојување не беше регулирана оваа материја, без оглед на тоа што нашата држава во тој период склучуваше конзуларни конвенции. Така на пример, во Конзуларната конвенција меѓу РМ и Република Хрватска[73], потпишана 1998 год. во 4 поглавје, кое се однесува на конзуларните функции , во членот 36, се содржани следните функции:

Конзуларниот службеник е овластен:

- Да прима, составува, регистрира, заверува и чува изјави на државјаните на државата на именување;
- Да составува, регистрира, заверува договори склучени меѓу државјаните на државата на именување, како и да заверува едностранн изјави на последна волја, доколку таквите договори и изјави не се во спротивност со законите на државата на приемот. Меѓутоа, конзуларниот службеник не може да составува, регистрира и ги заверува оние договори и изјави со кои се основаат, пренесуваат или ликвидираат правата на недвижности кои се наоѓаат кај државата на приемот;

[72] Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на РМ., бр. 87/07.
[73] Konzularna konvencija izmedju RM i RH. Narodne Novine, klasa: 018-07/95-01/18.

- Составуваат, регистрираат и заверуваат договори меѓу државјаните на државата на именување, од една страна и државата на приемот од друга страна, доколку таквите договори треба да остварат или произведат правни последици во државата на именување, како и под услов тие да не се во спротивност со законите на државата на приемот;
- Легализирање исправи издадени од органите на државата на именување или државата на приемот, како и да ги заверуваат фотокопиите, преписите или извадоците од таквите исправи;
- Преведува документи и ја заверува точноста на тие преводи;
- Заверува потписи на државјаните на државата на именување;
- Прифаќа на чување исправи, пари или други подвижни предмети на државата на именување или за нив, ако тоа не е во спротивност со законите и прописите на државата на приемот, таквиот полог може да се превземе од државата на приемот само во согласност со законите и другите прописи на таа држава;
- Да прима, заради пренос на овластени лица, предмети кои ги изгубиле државјаните на државата на именување за време на нивниот престој во државата на приемот;
- Да издава и заменува исправи за потекло на производот.

Во продолжение следат дел од наведените нотарски активности:

3.9.1 Конзуларен тестамент

Во нашиот Закон за меѓународно приватно право[74], во членот 119, пропишано е дека конзуларното претставништво или дипломатско – конзуларното претставништво на РСМ што извршува конзуларно – правни работи, може да му состави тестамент на државјанин на РСМ во странство, според одредбите што важат за составување на судски тестамент. Согласно на тоа, конзулот ќе пристапи кон составување на нотарски акт во форма на записник. Тестаментот се составува

[74] Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на РМ., бр. 87/07.

според изјавата на завештателот, чиј идентитет пред составувањето на тестаментот е утврден на начин пропишан за составување на судски тестамент. По составувањето на актот, конзулот, во негово присуство, ќе му го даде текстот на завештателот сам да го прочита, по што тој изјавува дека во целост го признава тестаментот како свој и лично го потпишува. Конзулот од своја страна сета постапка писмено ќе ја констатира во тестаментот. Во случаите кога завештателот не е во состојба лично да го прочита тестаментот (неписмен или слеп), конзулот текстот ќе го прочита во присуство на двајца сведоци, кои уште се нарекуваат како сведоци на актот, по што завештателот во нивно присуство ќе го потпише тестаментот, односно стави знак дека е неписмен. Потоа сведоците на актот, како и сведоците на идентитетот, доколку имало потреба и за нивно присуство исто така ќе пристапат кон потпишување на тестаментот. Конзулот е должен да го наведе сето тоа во тестаментот.

3.9.2 Утврдување на идентитет и деловна способност на подносителот на барањето

Основна задача на конзулот кога прима барање за правни работи, односно едностранi изјави коишто треба да се состават или, пак, заверат во конзуларното претставништво, е утврдувањето на идентитетот и деловната способност на подносителот на барањето.[75] Тоа значи дека на самиот почеток треба точно да се утврдат основните генералии, како: името и презимето, датумот и местото на раѓање, единствениот матичен број, постојаното место на живеење и адресата на привремениот престој. Идентитетот се утврдува врз основа на важачка патна исправа, издадена од страна на надлежен орган. Во практиката, идентитетот може да се утврди и врз основа на двајца сведоци кои конзулот лично ги познава или нивниот идентитет ќе се утврди врз основа на важечки пасош. Во секој случај, конзулот во актот ќе го наведе начинот на кој го утврдил идентитетот на подносителите на барањето.

[75] Ibidem, член 15, став 1.

По утврдениот идентитет, конзулот е должен да ја утврди и деловната способност на подносителот. Под деловна способност се подразбира лицето да има навршено 18 години, односно да е полнолетен.

Утврдување на идентитетот се врши и во случаите при поднесување на барање од страна на правни лица.[76]

3.9.3 Сведоци на идентитетот, сведоци на актот и преведувачи

Во случаите кога странката – подносителот на барањето не е способна да ја прочита содржината на донесениот акт или во други случаи кога при постапката на составување на актот е потребно присуство на сведоци и преведувач, конзулот на почетокот е потребно да пристапи кон утврдување на нивниот идентитет. Утврдувањето на идентитетот на сведоците и преведувачот, се врши врз основа на важечки патни исправи, а утврдените генералии се внесуваат во актот што и самите го потпишуваат. Значајно е да се напомене дека сведоците на актот, преведувачот, како и конзулот кој го составува документот не смеат да бидат во блиска раднинска врска со барателот, ниту смеат да имаат личен интерес во донесувањето на тој акт.

3.9.4 Составување и потврдување на едностранн изјави

Конзулот е овластен да составува или да изврши заверка на едностранн изјави на граѓаните со кои имаат одредено правно дејство. Како најчести едностранн изјави се давањето на изјава во постапката за наследство којашто се води пред некој домашен суд и изјави за сведочени факти.

Изјавите во постапката за наследство најчесто се барани од страна на македонските судови пред коишто се води оставинска постапка, што се обраќаат до дипломатско - конзуларното претставништво, со цел да го повикаат државјанинот, кој има некакво наследно право во постапката, да се изјасни дали го прифаќа наследството или не. Конзулот, од своја страна, по утврдувањето на идентитетот на државјанинот, составува записник во кој дословно ќе ја внесе изјавата. Потоа, истата ќе му ја порочита и даде лично да ја потпише. Конзулот во записникот ја

[76] Ibid, член 16.

става забелешката дека записникот на странката е прочитан, истиот во целост го прифатила и своерачно го потпишала.

3.9.5 Полномошно

Мошне често државјаните кои престојуваат во странство имаат потреба да бидат застапувани од некое трето лице пред органите или судовите во РСМ. За таа цел тие издаваат полномошно на адвокати, членови од нивното семејство или на трети лица кои се деловно способни, во нивно име да ги застапуваат.

Најчесто полномошното го составуваат самите подносители, но тие може да побараат од конзулот тој да го состави. Доколку полномошното е претходно составено од страна на ополномоштувачот, конзулатотот ќе изврши заверување на неговиот потпис, со ставање соодветен печат на полномошното. Во полномошното треба точно да биде наведено за што ополномоштувачот го овластува полномошникот. Полномошното се дава за цела постапка или за нејзин дел, како и временско ограничување. Елементите на полномошното (личните подтоци на ополномоштувачот, полномошникот, причината за која се дава и др.) доколку не се содржани, од страна на конзулот треба да биде укажано на подносителот, со цел полномошното да не биде отфрлено како непотполно.

3.10 Административни функции на конзуларната служба

3.10.1 Заверка на преводи

Граѓаните кои престојуваат во странска дражава, во одредени управни постапки пред нејзините органи е потребно да поднесат документи издадени од нивната матична држава, за кои е неопходен превод на јазикот на државата во која престојуваат. Преводот му е потребен на странскиот орган, како би се информирал за содржината на документот кој странката го приложила како доказ во некоја постапка. Од овие причини преводот преставува пропратен документ и истиот не може да се смета како посебен документ, па истиот не може да се достави без оргиналниот документ.

Заверката на преводот од страна на дипломатско – конзуларното претставништво се врши со цел да се потврди точноста на преводот на текстот на јазикот кој е содржан во оргиналот на документот. Претставништвото може да изврши и заверка на преводот на документот на државата на приемот на јазикот на неговата држава, ако тој е наменет пред нејзините органи. Во случаите кога преводот е извршен од страна на преведувач во државата каде што се поднесува и на истиот има ставено потпис и печат, заверката не е потребна.

Јазикот со кој се пишува на отпечатокот на печатот кој е наменет за заверка на преводот е на земјата на приемот или на еден од дипломатските јазици.

3.10.2 Заверување на потписи, ракописи и преписи

Дипломатско – конзуларните претставништва согласно Законот за меѓународно приватно право[77] имаат право да вршат заверка на потписи, ракописи и преписи, во согласност со меѓународните договори и прописите на државата на приемот. Значајно за оваа административна функција на конзулот е дека со извршената заверка тој не ја потврдува веродостојноста на содржината на исправата, па оттука и не сноси одговорност. Негова должност е за се запознае со содржината, со цел правилно да го пополни печатот со кој се врши завреката на потписот, ракописот или преписот. Притоа, потписот меже да се завери само во присуство на подносителот на исправата, за кого е претходно утврден идентитетот, и кој своерачно пред конзулот ќе ја потпише. За ракописите се врши заверка врз основа на изјава на подносителот дека истата ја напишал со своја рака.

Како потврда за извршената заверка на потписот на оргиналниот текст се става посебен печат или се пишува текст, во кој се потврдува дека лицето (име и презиме, место на живеење) своерачно ја потпишал изјавата и потписот односно ракописот го смета за свој. Се наведува и дека идентитетот на лицето е утврден врз основа на пасош или лична карта, наведувајќи го нивниот број, датум на издавање и орган што го издал документот. Конзуларниот службеник е должен да ја наведе и таксата по соодветниот тарифен број и износот кој е наплатен, за што издава и потврда, а податоците за заверката ги внесува и во книгата за такси.

[77] Ibidem, член 120.

3.10.3 Заверка на документи

Заверка или легализација на документи наменети за меѓународна употреба од државата на приемот во РСМ и обратно е мошне присутна во работата на конзуларните претставништва. Заверка на овие документи подразбира дека конзулот ја потврдува веродостојноста на потписот на службеното лице кое го потпишало документот, како и веродостојноста на печатот на органот или институцијата којшто е ставен на документот. Притоа, конзуларниот службеник не навлегува во содржината на документот, односно тој не ја потврдува неговата веродостојност.

Потребата за заверката на јавните исправи од РСМ коишто ќе се употребат пред странски органи се налага во случаите кога меѓу нашата земја и странската држава не постои меѓународен договор, а согласно законите на странската држава заверката е потребна. Во тој случај, заверка на документот, освен, во конзуларната управа на МНР, потребна е заверка и од соодветен орган на таа држава. Заверка на јавната исправа од страна на акредитираното дипломатско – конзуларно претставништво и МНР на државата на приемот во најголем број на случаи е доволна да биде прифатена од нејзините органи.

Пред заверката на документот потребно е да се утврди надлежноста на органот или институцијата за издавање на истиот, како и начинот и формата што е пропишана, по што се пристапува кон заверување на истата. Кога се работи за документи од странски држави наменети за употреба во РСМ, а за кои е потребна заверка, потребно е истата претходно да биде заверена од страна на надлежен орган или од МНР, по што може да уследи заверка од нашето конзуларно претставништво. Директно доставените документи до македонското МНР без претходно извршена заверка нема да бидат прифатени.

За непречено и веродостојно заверување на документите дипломатско – конзуларните претставништва во државата на приемот, како и одговорните лица во конзуларните управи при МНР на домашната држава по дипломатски пат вршат депонирање на потписот на овластениот конзуларен службеник и отпечатот од печатот на претставништвото, односно министерството.

Потребно е да се истакне и **Хашката конвенција за укинување на потребата за легализација на странски јавни исправи** [78]од 1961 година, според која документите коишто се поднесуваат во државата - потписничка на Конвенцијата не подлежат на заверка од страна на дипломатско – конзуларните претставништва.

За обезбедување на автентичноста на јавната исправа, Конвенцијата предвидува ставање на потврда на истата, со која се потврдува нејзината веродостојност. Земјите - потписнички на Конвенцијата одредуваат надлежен орган за издавање на потврдата за автентичност. Најчесто тоа се судовите, кој ја вршат заверката на овтентичноста со ставање на посебен печат „Apostille".

3.10.4 Потврда за важечки прописи

Под поимот потврда за важечки прописи или *certcificat de countume,* се подразбира издавање документ кој служи како доказно средство за точниот назив на одреден странски закон или прописи на коишто е неопходно да се повикаат во постапката пред судот кој решава по некое прашање, или да ја потврди веродостојноста на одреден акт пред органите на земјата на приемот. Потврда на важечките прописи може да побараат физички и правни лица за остварување на некакво право или во некоја административна постапка.

3.10.5 Обезбедување на документи за употреба пред домашните или странските органи

Една од активностите на дипломатско – конзуларните претставништва е обезбедување на документи и тоа:

- Од странска држава, со кои македонските државјани остваруваат одредени права, како што се регулирање на работен стаж, пензија, имотен лист, инвалиднина, изводи од матичните книги, детски додаток и др.; и
- Документи од македонските органи наменети за странски органи – институции пред коишто нашите граѓани остваруваат некое право.

---

[78] Convention for Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents (1961). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=41

Во овие случаи дипломатско – конзуларното претставништво по добиеното писмено барање (упатено директно или преку директоратот за конзуларни работи), со нота се обраќа до надлежниот орган на државата на приемот од кој го обезбедува бараниот документ, односно допис од нашите органи.

3.10.6 Функции на конзулатот во унапредување на економската, научно - техничката и културната соработка

Сестраната улога којашто конзуларното претставништво ја има во државата на приемот, претставува активен канал и врска преку која двонасочно се движи меѓусебната соработка на државите или нивните региони. Притоа, улогата на конзулот, без оглед дали станува збор за кариерен или почесен, е мошне значајна. Од неговата личност, познавањето на конзуларната и другата материја, способноста за комуникација и креативност непосредно зависи динамиката и квалитетот на соработката. Притоа, се разбира дека од голема важност е и логистиката од страна на министерството за надворешни работи и останатите органи и институции на земјата на именување.

Во делот на економско – трговската соработка конзулатот треба да претставува сервис на економските субјекти од двете држави, во поглед на нивно поврзување, информирање за економските состојби во државата на приемот и нејзината економска политика, доставување информации за актуелните состојби во поедини компании, промовирање на економските потенцијали на државата на именување, до организирање на најразлични манифестации од интерес на стопанските субјекти на двете држави. Притоа, од особена важност е координираниот настап на конзулатот со непосредните органи задолжени за економската политика на државата на именување, без чија програма и конкретни насоки претставништвото не ќе може да биде успешно.

Во однос на научно – техничката и образовната соработка, конзулот е задолжен да иницира соработка со надлежните органи и институции на земјата на приемот, да предлага потпишување на спогодби за соработка и поттикнува размена на делегации и експерти за нивно спроведување. Неговата улога е, исто така, значајна и во делот на образованието на припадниците на македонското

национално малцинство, преку соработка со нивни асоцијации и локалните образовни институции со цел зачувување на македонскиот јазик и култура кај младите генерации.

Во делот на културата, работата на конзулот треба да биде насочена кон претставување на културното наследство на својата држава, иницирање на соработката меѓу филмските, театарските, музичките, ликовните и литературни институции и поединци, по пат на разни програми и протоколи за соработка. Успешното културно претставување на државата на именување е значаен фактор во нејзината промоција и создавање на позитивно мислење во јавноста на државата на приемот.

ЗАКЛУЧОК

Тргнувајќи од комплексноста на конзуларната проблематика и функциите што од неа произлегуваат, неопходно е да се пристапи кон:

Неопходност од натамошно редефинирање и осовременување на улогата на македонската конзуларна служба и нејзино достигнување на потребните стандарди ја подразбира и неопходноста од нејзино хармонизирање со европското законодавство, како предуслов за создавање на реален сервис за давање услуги и заштита на граѓаните, но и нејзино рамноправно вклучување во заедничката политика на ЕУ во поглед на давањето конзуларна заштита на граѓаните од нејзините земји членки. Процес кој членките на ЕУ започнаа да го применуваат за граѓаните од ЕУ зоната, во случаи на несреќи од поширок размери, без оглед на нивниот државјански статус.

За постигнување на овие цели потребно е носителите на конзуларната служба да имаат одлично познавање на националното законодавство на својата земја, каде обуката – тренингот околу стекнувањето со конзуларно – административната практика е потребно да се одвива од самиот почеток на нивната кариера. Исто така, треба да постои и сериозен пристап во пополнувањето на испразнетите места во конзулатите или амбасадите кои се задолжени за конзуларната проблематика.

Во својот ментален склоп дипломатско - конзуларните службеници мораат да знаат дека тие се јавни службеници и се сервис на граѓаните.

Од друга страна мошне значајно е обуката на дипломатско конзуларните службеници да биде и во соработка со останатите државни органи, како министерствата за правда, за внатрешни работи, социјалната и здравствената заштита и други владини органи и институции, во чија надлежност, исто така, е заштитата на граѓанинот како поединец, но и нејзината соработка со приватниот сектор и невладините организации.

Од остварениот степен на заштита, односно грижата за сопствените државјани најчесто се одредува и оценката за работата на министерството за

надворешни работи и неговата дипломатско – конзуларна мрежа од страна на домашната политичка јавност, но и угледот на државата во меѓународната заедница. Потребата за ефикасно институционално решавање на барањата на граѓаните во странство од страна на владините органи, ја претставува улогата на конзуларната служба што неопходно треба да ја има во поврзувањето на дипломатијата и општеството.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. A Convention to Regulate the Commerce between the Territories of The United States and of His Britannick Majesty – 1815. Достапно на: https://avalon.law.yale.edu/19th_century/conv1816.asp
2. Andrassy, J., Bakotić B. & Vukas B. (1995). Međunarodno pravo (I.). Zagreb.
3. Andrlić, M. & Valentic, M., Hrvatska srednjovekovna diplomacija, Zbornik Diplomatske akademije, god. 4, br. 2.
4. Andssy, J. (1987). Međunarodno pravo. Zagreb.
5. Australian Department of Foreign Affairs and Trade – Department's Protocol Branch (2021). Достапно на: https://www.dfat.gov.au/
6. Bailey, T. (1964). The Art of Diplomacy – The American Experience. New York: Appelton – Century – Crofts.
7. Barston, R.P. (1988). Modern Diplomacy. New York: Longman.
8. Berković, S. (1995/1996). Osnivanje Diplomatske skole Ministarstva vanjskih poslova Republike Hrvatske i njezina djelatnost u nastavnoj godini 1995/1996, Zbornik Diplomatske akademije, br. 3 – posebno izdanje.
9. Berković, S. (1997). Diplomatsko i konzularno pravo. Zagreb: Nacionalna i sveučlišna knjižnica.
10. Berkovic, S. (2005). Diplomacija i diplomatska profesija. Zagreb: Denona D.O.O.
11. Berković, S. (2006). Diplomacija i diplomatska profesija. Dubrovnik: Urban – Media.
12. Berridge, G. (2004). Diplomacija – teorija I praksa. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.
13. Calvier, P. & Lee, L.T. (1969). Vienna Conventions on Diplomatic and Consular Relations. Carengie Endowment for International peace.
14. Carlsmith Ball L. L. P. (2016). What a Consular officer is authorized to do as opposed to what he can do with impunity. Достапно на: http://library.findlaw.com

15. Convention for Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents (1961). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=41
16. Degan, V. Đ. (2006). Međunarodno pravo. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci.
17. European Convention of Nationality (1997). Достапно на: https://rm.coe.int/168007f2c8
18. Feltham R. G. (1996). Diplomatski priručnik. Zagreb: Naklada Zadro.
19. Feltham, R. G. (1979). Training for an International Career. Washington: Institute for the Study of Diplomacy, School of Foreign Service, Georgetown University.
20. Granic, M. (2005). Vanjski poslovi – iza kulisa politike. Zagreb: Algoritam.
21. Haak, V. (2003). Budućnost diplomatske službe. Politička misao, br. 2.
22. Israel Ministry of Foreign Affairs. Достапно на: www.mfa.gov.il/MFA
23. James, A. (2005). A Universal Safeguard: Providing Consular Assistance to Nationals in Custudy. An Introductory Guide for Consular Officers. Woodbridge: The International Justice Project.
24. Jezdić, M. (1987). Međunarodno privatno pravo. Beograd.
25. Kissinger, H. (1995). Diplomacy. New York: A Touchstone Book.
26. Konzularna konvencija izmedju RM i RH. Narodne Novine, klasa: 018-07/95-01/18.
27. Lee, T. L. (1991). Consular law and practice. London,
28. Luke T. L. (1991). Consular law and practice. New York: Oxford University Press Inc.
29. Marčetić, G. (2005). Javni službenici i tranzicija. Zagreb: Drštveno veleučcilište u Zagrebu i Konrad Adenauer Stiftung.
30. Mellisen, J. (1999). Innovation in Diplomatic Practice, (Introduction). London: MacMillan Press.
31. Mellisen, J. (2004). Public Diplomacy in Contemporary Diplomatic Practice. Zagreb: Diplomatic Academy Proceedings, 6, br. 1..
32. Mikolić, M. (1995). Diplomatski protocol. Zagreb: Mate.

33. Ministero degli Affari Esteri e della Cooperazione Internazionale (2021). Достапно на: www.esteri.it/MAE/EN/
34. Ministerstvo zahranicnich veci Ceske Republiky. Достапно на: www.mzv.cz/jnp/en/about_the_ministry/organizational_chart/structure_of _the_ministry.html
35. New Diplomacy: A Report from the United States Advisory Commission on the Public Diplomacy July (2003). Достапно на: www.au.mil/au/awc/awcgate/state/22818
36. Nick, S. (1999). Diplomatski leksikon. Zagreb: Barbat.
37. Nicolson, H. (1998). The Evolution of Diplomatic Method. Leicester: Centre for the Study of Diplomacy, University of Leicester.
38. Nobilo, M. (2000). Hrvatski feniks – diplomatski procesi iza zatvorenih vrata 1990. – 1997. Zagreb: Nakladni zavod Globus.
39. Pičuljan Z. (2000). Razvoj i neka otvorena pitanja hrvatske službe vanjskih poslova. Zagreb: Hrvatska javna uprava, god. 1, br., 3.
40. Pičuljan Z. (2007). Diplomacija kao državna služba. Zagreb: Društveno veleučilište u Zagrebu.
41. Pičuljan, Z. (1999). Institucionalni razvoj diplomatske službe Republike Hrvatske. Zagreb: Zbornik Diplomatske akademije, god. 4, br. 1.
42. Pusic, E. (2000). Hrvatska javna uprava i pregovori o pridruzivanju Europskoj uniji. Zagreb: Hrvatska javna uprava, god. 5, br., 1.
43. Rana, K. (2004). The 21st Century Ambassador – Plenipotentiary to Chief Executive. Malta and Geneva: Diplomatic Foundation.
44. Rees, D. W. (2001). Economic Diplomacy and Diplomatic Training. Zagreb: Diplomatic Academy Year-Book, vol. 4, br.,1.
45. Refugee Convention (1951). Достапно на: https://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html
46. Refugee Status Protocol (1967). Достапно на: ttps://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html
47. Robinson, A. & Lodge, J. (2010). Green Paper Consultation, A Collaborative Initiative at the Interface of Regional, National and EU: Evidence and Prospectives.

Достапно на: http://ec.europa/justice_home/news/consulting/public/consular-protection/contribution

48. Šimonović, I. (2005). Globalizacija, državna suverenost i međunarodni odnosi, Zagreb: Narodne novine.
49. Simpson, S. (1987). Education in Diplomacy – An Instructional Guide. Washington: Institute for the study of Diplomacy, Georgetown University, University Press of America.
50. Škrabalo, Z. (2001). O počecima razvoja diplomatske službe Republike Hrvatske. Zagreb: Zbornik Diplomatske akademije, god. 4., br. 1.
51. Stanko, N. (1999). Dipolomatski leksikon, Zagreb: Barbat.
52. Štimac, N. (2002). Europski principi javne uprave – od vladanja do služenja građanima. Zagreb: Udruga za demokratsko društvo.
53. The Hague Convention on Civil Procedure (1954). Достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=33
54. UN (2005). Yearbook of the International Law Commission, Vol. II.
55. Verheijen, T. & Kotchegura, A. (2000). Civil Service in Central and Eastern Europe. MA: Edward Elgar Publishing, Chltenham, UK & Northampton.
56. Vienna Convention of Consular Relations (1963). Виенска конвенција за конзуларни односи. Достапно на: https://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_2_1963.pdf
57. Won-Mog C. (2006). Diplomatic and Consular Law in the Internet Age. Singapure: Singapure Year Book of International Law and Contributors.
58. Won-Mog C. (2006). Diplomatic and Consular Law in the Internet Age. Singapure: Year Book of International Law and Contributors.
59. Wood, J. R. & Serres J. (2004). Diplomatski ceremonijal i protocol. Zagreb.
60. Zbornik Diplomatske akademije Ministarstva vanjskih poslova Republike Hrvatske (2000). Diplomacy for the Twenty-First Centary: Knowledge Management", radovi s međunarodne konferencije, Zagreb, Vol. 2/2000., br.1.

61. Zbornik Diplomatske škole Ministarstva vanjskih poslova Republike Hrvatske, Zagreb, godina 1/1996., br.1.
62. Бендевски Т. (2005). Право на ЕУ. Скопје.
63. Берковиќ С. (2006). Дипломација и дипломатска професија. Загреб.
64. Владимиров И. (2001). Дипломатическо и консулско право, Софија.
65. Габер, В. (2003). За македонската дипломатија. Скопје.
66. Дескоски, Т. (2007). Државјанство. Скопје: УКИМ, Правен факултет.
67. Договор меѓу РСМ и Романија за меѓусебна правна помош, Службен весник на РМ., бр. 41/04.
68. Ѓорѓевиќ, С. & Митиќ Д. (2000). Дипломатско и конзуларно право. Београд.
69. Закон за азил и привремена заштита, Службен весник на РМ бр. 43/03.
70. Закон за матична евиденција, Службен весник на РМ., бр. 98/08.
71. Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на РМ., бр. 87/07.
72. Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 103/15.
73. Закон за општата управна постапка, Службен весник на РМ., бр. 124/15, со измени и дополнувања, Службен весник на РМ., бр. 65/18.
74. Закон за парнична постапка, Службен весник на РМ., бр. 79/05, со измени и дополнувања, Службен весник на РМ., бр. 110/08, 83/09, 115/10 и 124/15.
75. Закон за патните исправи на државјаните на РМ, Службен весник на РМ., бр. 46/04.
76. Закон за странци, Службен цесник на РМ., бр.35/06.
77. Канев, Д. (2001). Политически менаджмент. Софија.
78. Марковски, Д. (2002). Дипломатија организација и практика. Скопје: Кинематика, Скопје.
79. Машев, Д. (2001). Консулско право. Софија.
80. Тодоровски, С. (2007). Работен компендиум 02. Скопје: Директорат за дијаспора и МНР.
81. Фрчкоски Д. Љ., Топурковски В. & Ортаковски В. (1995). Меѓународно право, Скопје: Табернакул.

82. Џунов, Т. (1995). Меѓународно приватно право, 4 дополнето и проширено издание. Скопје: Зумпрес.

ПРИЛОЗИ

Република Северна Македонија/ Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за надворешни работи/ Ministria e Punëve të Jashtme

Амбасада / Ambasada (Генерален Конзулат / Konsullata e Përgjithshme) në _____

МОЛБА /LUTJE

Подносител /Paraqitësi: _____
Адреса / Adresa: _____
Телефон/ Telefoni : _____ e-mail:_____

Поднесок за / Parashtrim për:

1. **издавање на патна исправа,патен лист** / lëshimi pasaporte / dokument udhëtimit
2. **прибавување на ИМКР, ИМКВ, ИМКУ во странство**/ Nxjerrje te çertifikatave te lindjes,
3. **издавање на потврда, уверение** / lëshimi vërtetimi , certifikate
4. **спроводница** / letër përcjellëse për transportimin e personit të vdekurs
5. **состав и заверка на изјава, полномошно, согласност и други исправи** / përpilim dhe verifikim deklarate, autorizim, pëlqim dhe dokumente tjera
6. **заверка на препис, фотокопија, службен потпис и печат** /vërtetim transkriptimi, fotokopjes, nënshkrimi dhe vulës zyrtare
7. **отпуст/прием во државјанство** /Lirim - pranimi në shtetësi
8. **прибавување на имотен лист** / sigurim vërtetimi pronësorë
9. **објавување на изгубени и исчезнати лични документи** / publikim të dokumenteve personale të humbura ose të vjedhura
10. Друго / të tjera _____

Конзуланата такса се плаќа согласно тарифата на административни такси (Закон за административни такси -"Службен весник на Република Македонија" / Taksa konsullore paguhet sipas tarifës së taksave administrative (Ligji për taksa administrative - "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë") бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10 и 17/11),

Пресметана конзуларна такса[2]:

- Тарифен број _____ , износ _____ ,

- Тарифен број _____ , износ _____ ,

- Тарифен број _____ , износ _____ ,

- Тарифен број _____ , износ _____ ,

Вкупно: _____ ,

/ / Цел на дознака: Конзуларна такса/ Taksë konzullore	(се наведуваат податоците за жиро сметката на ДКП каде треба да се уплатат средствата за конз.такси / *vendosen te dhenat e zhiro-llogarise bankare ku duhet te derdhen parat e taksës konzullore*)

Содржина/ Përmbajtja:

Прилог документација / Dokumentacion bashkëngjitjes:

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____

"Согласен сум согласен моите лични податоци наведени во молбата да бидат обработени согласно прописите за заштита на личните податоци и само за целите утврдени во оваа молба", заради усогласување со начелата за заштита на личните податоци утврдени во член 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14). "*Pajtohem që të dhënat e mia personale të deklaruara në këtë "Lutje" të përpunohen në përputhje me rregulloren për mbrojtjen e të dhënave personale dhe vetëm për qëllimet e përcaktuara në këtë kërkesë", në mënyrë që të harmonizohet me parimet e mbrojtjes së të dhënave personale të përcaktuara në nenin 5 të Ligjit për Mbrojtjen e të Dhënave Personale. ("Gazeta Zyrtare" nr. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11 dhe 43/14).*

Датум/Data: **Потпис/ N*ënshkrimi***

_____ _____

Барање за издавање на виза
Application for Visa

Бесплатен образец
This application form is free

01. Презиме
Surname (s) (family name (s))

02. Презиме / Презимиња од раѓањето (претходни презимиња)
Surname(s) at birth (earlier family name(s)

03. Име
First names (given names)

04. Датум на раѓање (година, месец-ден)
Date of birth (year – month - day)

05. Број на лична карта (факултативно)
ID-number (optional)

06. Место и држава на раѓање
Place and country of birth

7. Државјанство/ства
Current nationality/ ies

08. Претходно државјанство
Original nationality (nationality of birth)

09. Пол
Sex

□ **Машки** Male □ **Женски** Female

10. Брачна состојба
Marital status:

□ **Не е во брак** □ **Во брак** □ **Раздвоен/а**
Single Married Separated
□ **Разведен/а** □ **Вдовец/Вдовица** □ **Друго**
Divorced Widow(er) Other

11. Име на татко
Father´ s name

12. Име на мајка
Mother´ s name

13. Вид на пасош:
Type of passport:

□**Национален пасош** □**Дипломатски пасош** □**Службен пасош**□**Патен документ(Конвенција 1951г.)**
National passport Diplomatic passport Service passport Travel document (1951 Convention)
□ **Пасош за странци** □ **Поморски пасош** □ **Друг патен документ (да се наведе кој):**
Foreigner´ s passport Seaman´ s passport Other travel document (please specify)

_____
_

14. Број на пасош:
Number of passport

15. Издаден од:
Issued by

16. Датум на издавање:
Date of issue:

17. Важи до:
Valid until:

18. Доколку престојувате во држава која не е ваша матична земја, дали ви е дозволено повторно враќање во таа земја?
If you reside in a country other than your country of origin, have you permission to return to that country?
□ **Не** No □ **Да, (број и важност)** _____ Yes, (number and validity)

For Embassy / Consulate use only

Дата на поднесување:

Барањето го примил:

Дополнителна документација:

□ важечка и призната ПИ

□ доказ за финансиски средства

19. Занимање
Current occupation

20. Работодавач, адреса на работодавачот и телефонски број. За студенти име и адреса на училиштето и телефонски број.
Employer and employer´s address and telephone number. For students, name and address of school.

21. Главна дестинација:
Main destination

22. Вид на виза:
Type of Visa
□ **Аеродромска транзитна Виза (виза А)**
Airport transit (A) visa
□ **Транзитна виза (виза Б)**
Transit (B) visa
□ **Виза за краткорочен престој (виза Ц)**
Short stay (C) visa
□ **Виза за долгорочен престој (виза Д)**
Long stay (D) visa

23. иза
isa
□ **И нд ив ид уа лн а**
divi ual
оле тив а
C oll ec tiv e

24. Број на влегувања кои се бараат:
Number of entries requested

□ **Еден влез**
Single entry
□ **Два влеза**
Two entries
□ **Повеќе влеза**
Multiple entries

25. Траење на престојот
Duration of stay

□ **Визата се бара за _____ дена.**
Visa is requested for: _____ days

26. Претходно издадени визи (во последните три години) и нивната важност.
Other visas (issued during the past three years) and their period of validity.

27. Во случај на транзит, дали Ви е одобрен влез во државата на конечна дестинација?
In the case of transit, have you an entry permit for the final country of destination?

□ **Не**
No
□ **Да, важност до:_____**
Yes, valid until
□ **Издаден од: _____**
Issuing authority

28. Претходни престои во Република Северна Македонија:
Previous stays in Republic of North Macedonia:

□ покана (доказ за цел/ околности на планиран престој во РМ)

□ превозно средство

□ фотографија

□ документ за патничко осигурување

□ решение за привремен престој во РМ (за виза Д)

□ доказ за платена такса за обработка на барањето

□ друго:

Виза:

□ одбиена
□ издадена

Тип на виза:

□ A
□ B
□ C
□ D

Број на влегувања:

□ **Еден влез**
□ **Два влеза**
□ **Повеќе влеза**

Важи:

од_____
до _____

Важи за:

_____

29. Цел на патувањето:
Purpose of travel:

□**Туризам** □ **Бизнис** □ **Посета на роднини или пријатели**□ **Култура/спорт** □ **Официјална посета**
Tourism Business Visit to Family or Friends Cultural / Sports Official

□ **Здравствени причини** □ **Останато (да се наведе):**_____
Medical reasons Other (please specify):

30. Датум на пристигнување
Date of arrival

31. Датум на заминување
Date of departure

32. Граничен премин при првото влегување или на транзитниот правец
Border of first entry or transit route

33. Вид на превозно средство:
Means of transport:

34. Име и адреса на домашното физичко или правно лице кое го поканува странецот како и лице за контакт. Во останати случаи да се наведе име на хотелот или привремената адреса во Република Северна Македонија.
Name of host or company in the Republic of North Macedonia and contact person in host company. If not applicable, give name of hotel or temporary address in Republic of North Macedonia.

Име
Name

Телефон и факс
Telephone and fax

Целосна адреса на живеење
Full address

Адреса на електронската пошта
e-mail address

35. Кој ги покрива трошоците за пат и за престојот ?
Who is paying for your cost of travelling and for your costs of living during your stay?

□ **Лично** □ **Домаќинот/домаќините** □ **Компанијата- домаќин**
Myself Host person/s Host company

(Да се наведе кој и како, и да се прикаже соодветната документација):
(State who and how and present corresponding documentation):
_____
_

36. Средства за издржување за време на престојот:
Means of support during your stay

□ **Во готово** □ **Патнички чекови** □ **Кредитни картички** □ **Сместување** □ **Останато:**
Cash Travellers´cheques Credit cards Accommodation Other:
□ **Патничко и/или здравствено осигурување. Важи до**_____
Travel and/or health insurance. Valid until

37. Презиме на брачниот другар
Spouse´s family name

38. Презиме на брачниот другар од раѓање
Spouse´ s family name at birth

39. Име на брачниот другар Spouse´ s first name	**40. Дата на раѓање на брачниот другар** Spouse´ s date of birth	**41. Место на раѓање на брачниот другар** Spouse´s place of birth

42. Деца (Барањата мора да бидат поднесени поединечно за секој пасош)
Children (Applications must be submitted separately for each passport)

	Презиме Name	**Име** First name	**Датум на раѓање** Date of birth
1			
2			
3			

43. Информиран сум и се согласувам со тоа што моите лични податоци кои фигурираат во ова барање за виза ќе бидат соопштени на надлежните власти од Република Северна Македонија и, доколу е неопходно ќе бидат обработени од страна на истите, со цел да се разгледа моето барање за виза. Овие податоци ќе може да бидат внесени и архивирани во бази на податоци во кои ќе можат да имаат пристап надлежните власти на Република Северна Македонија.

На мое барање, конзуларните власти кои го разгледуваат моето барање ќе ме информираат како да го остварам моето право да ги проверам моите лични податоци и да ги изменам или укинам, посебно во случај кога се неточни, во согласност со законодавството на Република Северна Македонија.Изјавувам дека колку што ми е познато сите податоци што ги изнесов се комплетни и точни.

Познато ми е дека лажни изјави ќе предизвикаат одбивање на барањето или поништување на веќе издадената виза, а исто така може да предизвика судски постапки во согласност со законите на Република Северна Македонија.

Се обврзувам да ја напуштам територијата на Република Северна Македонија по истекувањето на визата, доколку истата биде издадена.

Информиран сум дека добивањето виза е само еден од условите потребни за влез во Република Северна Македонија. Самото издавање на виза не ми дава никакво право на надоместок доколку не ги исполнувам условите предвидени согласно законодавството на Република Северна Македонија и според тоа не ми се дозволи влез. Исполнувањето на условите за влез ќе бидат проверени уште еднаш во моментот на влегување на територија на Република Северна Македонија.

I am aware of and consent to the following: any personal data concerning me which appear on this visa application form will be supplied to the relevant authorities in Republic of North Macedonia and processed by those authorities, if necessary, for the purposes of a decision on my visa application. Such data may be input into, and stored in, databases accessible to the relevant authorities in Republic of North Macedonia.

At my express request, the consular authority processing my application will inform me of manner in which I may exercise my right to check the personal data concerning me and have them altered or deleted, in particular, should they be inaccurate, in accordance with the laws of the Republic of North Macedonia.

I declare that to the best of my knowledge all particulars supplied by me are correct and complete.

I am aware that any false statements will lead to my application being rejected or to the annulment of a visa already granted and may also render me liable to prosecution under the laws of the Republic of North Macedonia.

I undertake to leave the territory of Republic of North Macedonia upon the expiry of the visa, if granted.

I have been informed that possession of a visa is only one of the prerequisites for entry into Republic of North Macedonia. If entry is refused I will have no claim to compensation.

44. Домашна адреса на барателот Applicant´ s home address	**45. Број на телефон и адреса на електронската пошта** Telephone number & e-mail address
46. Место и датум Place and date	**47. Потпис (за малолетници се потпишува старателот)** Signature (for minors, signature of custodian / guardian)

Образец

бр.2

Назив на органот до кој барањето се поднесува Priemen штембил

Name of the receiving authority Stamp of receipt

_____

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ/ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

APPLICATION FOR ISSUE/EXTENSION OF TEMPORARY RESIDENCE PERMIT

☐ прво издавање
first issue

☐ продолжување
extension

1. Презиме_____
Surname

2. Поранешно,односно родено презиме_____
Previous surname or name given at birth

3. Име_____
Name

4. Пол ☐ машко ☐ женско
sex male female

5. Ime na родителите: татко _____
Names of parents fathe:
мајка _____
mother

6. Датум, место и држава на раѓање_____
Date, place and country of birth

7. Државјанство_____
Nationality

8. Занимање_____
Profession

9. Брачна состојба_____
Marital status
☐ неженет/немажена ☐ оженет/мажена ☐ вдовец/вдовица ☐ разведен/разведена
single married widowed divorced

10. Адреса во Република Македонија_____
Address in the Republic of Macedonia

11. Адреса во странство_____
Address abroad

12. За кои цели се бара дозволата за привремен престој и за кое време

The reasons for which temporary residence permit is requested and the period

_____
_____
_____

13. Податоци за лицето врз основа на чиј статус во Република Македонија се бара дозвола за привремен престој:
Information and data about the person based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested

а) Презиме и име_____
Surname and name

б) Датум, место и држава на раѓање_____
Date, place and country of birth

в) Државјанство_____
Nationality

г) Статус на членот на семејната заедница
Status of the family member

☐ семејна заедница
family union

☐ датум на склучување на бракот_____
date of contract of marriage

☐semejni odnosi_____
family relationship

д) Дали странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој има друг регистриран брачен другар со кој веќе живее во Република Македонија

Does the person based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested have another registered spouse with whom s/he already lives in the Republic of Macedonia

☐ да
Yes

☐ не
No

ѓ) Дали родителското право на детето за кого се бара издавање на дозвола за привремен престој е поделено

Is the parental right to the child for whom temporary residence permit is requested shared?

☐ да
Yes

☐ не
No

е) Податоци од патната исправа на македонскиот државјанин/странец кој има регулиран статус во Република Македонија:

Data from the passport of the Macedonian citizen/foreigner who has a regulated status in the Republic of Macedonia

Број на патна исправа_____
Passport number

Датум на издавање_____
Date of issue

Со рок на важност до_____
Valid until

ж) Адреса на македонскиот државјанин/странец во Република Македонија_____
Address of the Macedonian citizen/foreigner in the Republic of Macedonia
Пријавен од:_____
Registered from

з) Во случај на непостоење на заедничка адреса на живеење, Ве молиме да ги наведете причините

If the same address is not used, please specify the reasons

_____
_____

_____

s) Податоци за законскиот престој на странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој

Information regarding the legal status of the foreigner based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested

_____

_____

и) Податоци за постоење на средства за издржување на странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој

Information regarding the subsistence means of the foreigner based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested

_____
_____
_____
_____

ј) Податоци за здравствено осигурување на странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој

Information regarding the health insurance of the foreigner based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested

_____
_____
_____

14. Патна исправа на подносителот на барањето_____
Travel document of the applicant:

Надлежен орган кој ја издал патната исправа_____
The issuing competent authority

Место и датум на издавање_____
Place and date of issue

Број_____ Исправата важи до_____
Number Document valid until

15.Рок на важење на последната издадена_____
Period of validity of the last issued

☐ дозвола за привремен престој
temporary residence permit

☐ дозволата се бара по прв пат
first residence permit requested

16. Датум на влез во Република Македонија_____
Date of entry into the Republic of Macedonia

а) обврска за поседување виза: ☐ да : ☐ не
visa requirement Yes No

б) виза број_____
visa number
важи до_____ Орган кој ја издал визата_____
valid until issued by

17. Податоци за поседување за средства на издржување на подносителот на барањето

Information regarding subsistence means of the applicant

_____
_____
_____
_____

18. Податоци за обезбедено сместување во Република Македонија или дека има средства за сместување

Information regarding accommodation in the Republic of Macedonia or possession of means for accommodation
_____
_____
_____

19. Податоци за здравствено осигурување
Information regarding health insurance
_____
_____
_____

20. Податоци дека ги исполнува условите за дозвола за привремен престој заради различни причини согласно Законот за странците ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/06 и 66/2007)
Information on fulfillment of conditions provided for separate types of temporary residence permit in accordance with the Law on Aliens ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" nr.35/06 and 66/2007)
_____
_____
_____
_____

21. Кон барањето ги приложувам следните документи:
Documents enclosed:
_____
_____
_____
_____
_____
_____

22. Вид на образование_____
Type of education

23. Предвидено траење на пресојот: од:_____ до:_____
Period of intended stay from to

24. Причина за поднесување на барањето
Reasons for application
_____
_____
_____

25. Завршна изјава
Final statement

а) Со ова потврдувам дека сите податоци наведени во точките 1-24 се целосни, вистинити и одговараат на податоците во приложените документи. Потврдите кои се на друг јазик приложени се на македонски превод.
Hereby I confirm that all information given under items 1-24 are complete, they are true and correspond to the data contained in the documents attached. Certificates made in a foreign language are attached in their Macedonian translation.

б) Со ова се обврзувам дека секоја промена на личните податоците пред влезот во Република Македонија ќе ги доставам на надлежните органи во Република Македонија, преку дипломатското, односно конзуларно преставништво на Република Македонија.
Hereby I undertake, that I will communicate any change of my personal data to the Macedonian competent authorities through diplomatic or consular missions of the Republic of Macedonia before entering the Republic of Macedonia.

в) Известен сум дека моите лични податоци со цел составување на записник и архивирање ќе бидат информатички обработени.
I take note that my personal data are electronically processed for the purpose of making minutes and filing.

г) Известен сум дека заради непотполни или неточни податоци моето барање може да биде одбиено.
I have been advised that my application may be refused on account of incomplete and inaccurate data.

Во_____, на ден_____.
In on

Потпис на подносителот на барањето:
Signature of the applicant

_____

Место за фотографија
3 x 3,5 см
Photo

Пополнува службеното лице на органот до кого е поднесено барањето
To be filled out by the official person of the receiving authority

Како е решено барањето_____
The resolution is

Број на решението за дозволување на привремен престој_____
Number of decision on grant of temporary residence

До кој датум е одобрен привремениот престој_____
The period of temporary residence is granted until

Датум на издавање /продолжување на дозволата за привремен престој_____
Data of issue/extension of the temporary residence permit

Место за административна такса
Administrative tax

_____
Потпис на службено лице
Signature of authorized official